РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# С Т Р А Т Е Ш К И   П Л А Н
# НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ
# 2012 - 2014

Скопје, јануари 2012 година

# 1. СТРУКТУРА НА ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## 1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот 2012-2014 година претставува повеќе наменски документ кој ги одразува целите и задачите на Министерството за период од три години. Тие се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, како и со приоритетите на НПАА. Во согласност со интегралниот систем на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на буџетските пресметки.

Во Стратешкиот план за 2012-2014 година на Министерството за финансии се содржани целите и задачите на организациските единици и на Министерството во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите на истите. При тоа, дадени се потребните човечки и финансиски ресурси за нивно остварување. Реализацијата на целите и задачите е дадена по носители и рокови за нивно извршување. Во овие рамки, покрај редовните активности, се става акцент на продолжување на реформите на полето на јавните финансии и јавната администрација. При тоа, ќе се поднесуваат предлози и анализи од економската, финансиската и социјалната област и ќе се координираат активностите поврзани со економските импликации; формирањето и извршувањето на буџетот; управувањето со трезорот; управувањето со јавниот долг; даночната, царинската политика, финансискиот сектор, усогласувањето со ЕУ и меѓународните финансии, јавните набавки; внатрешната ревизија, борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари во делот на своите надлежности; реализацијата на реформските зафати и другите обврски од своја надлежност сврзани со евроатлантските интеграциони процеси; имплементацијата на ИПА фондовите; реализацијата на програмските определби сврзани со Охридскиот рамковен договор, особено во делот на финансиската и фискалната децентрализација, а во тие рамки и операционализацијата и имплементацијата на нормативните акти во делот на финансирањето на локалната самоуправа и друго.

## *1.2. ЦЕЛ (МИСИЈА) НА МИНИСТЕРСТВОТО*

Главната цел на Министерството за финансии е да одржи силно јавно финансирање, како и стабилна макроекономска рамка, продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот растеж. Постигнувањето на оваа цел ќе значи зголемување на благосостојбата, како и подобрување на квалитетот на живеењето во Република Македонија.

## 1.3. ВИЗИЈА

Одржување на силно јавно финансирање, стабилна макроекономска рамка, продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот растеж, зголемување на благосостојбата, како и подобрување на квалитетот на живеењето во Република Македонија.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството ги врши работите што се однесуваат на: системот на финансирање; трезорскиот систем; ефикасно функционирање на системите за управување и контрола со средствата од ЕУ-ИПА; имплементацијата на претпристапните (ИПА) фондови од ЕУ; имплементацијата на претпристапните (ИПА) фондови од ЕУ; царинскиот систем; даночниот систем и даночната политика; девизниот систем; финансискиот систем, платните системи, системот за државна и комерцијална ревизија; макроекономската политика и политиката за развој на националната економија; јавните инвестиции; капиталните расходи; странската помош и помошти кои генерираат компензациони фондови, наплата на обврските, напуштање на учеството на државата во претпријатијата, односно во трговските друштва по основ на побарувања; игрите на среќа; подготовка на среднорочна Фискална стратегија со макроекономска политика и политика на јавен долг како интегрален дел, подготовка на Предлог - Буџетот за државата и завршната сметка на Буџетот; предлагање на даночната политика; обезбедување на централно плаќање на обврските; водење централна евиденција на сметките и управување со единствената сметка на Трезорот; спроведување на внатрешната финансиска контрола во Министерството и организирање на истата во другите органи; надзор врз правилната примена на прописите од областа на девизното работење, трговијата со странство и услугите и обезбедување поефикасно користење на готовинските средства. Министерството за финансии издава дозволи за вршење на работи на ревизија и дозволи за вршење финансиски лизинг; управува со јавниот долг со цел обезбедување на финансирање на потребите на државата преку минимизирање на трошоците и ризикот на среден рок; врши евиденција, следење и сервисирање на обврските по јавниот долг; управува со постојното портфолио на јавниот долг; ги координира и организира посетите на агенции за кредитен рејтинг во Република Македонија. Министерството е одговорно за координација на соработката со меѓународните финансиски институции, при што соработува и непосредно учествува во преговорите со ММФ и со Светската банка за аранжманите кои се во поддршка на имплементацијата на структурните реформи за економски развој, како и со Европската банка за обнова и развој, Европската инвестициона банка, Банката за развој при Советот на Европа и билатерални финансиски институции во однос на утврдување на најповолен начин за финансирање на проектите, организацијата во сите фази на преговорите, координација на министерствата и другите инволвирани институции во имплементацијата на конкретен проект, како и следење на нивната реализација, потоа следење на активностите во врска со: склучувањето и реализацијата на Договорот за асоцијација и стабилизација на РМ со ЕУ, остварувањето на реформите за постапно приближување кон структурите и стандардите на Унијата, усогласување на законите од областа на финансиите со европското законодавство, приспособување на даночната и царинската регулатива во насока на создавање услови за слободен проток на стоки, услуги и работна сила, интензивирање на соработката со соседните и со земјите од регионот за побрза интеграција на Република Македонија во Европската унија. Министерството, исто така, одлучува по жалби против првостепено решение во состав на органот на државната управа во областа на даноците и царините; остварува активности сврзани со потребата за јакнење на системот на борба против организираниот криминал, корупцијата и перењето на пари во Македонија, односно јакнење на правната држава и владеењето на правото, во делот на надлежностите на Министерството за финансии. Исто така, Министерството го надгледува спроведувањето на политиките и постапките кои ги донесува, ја надгледува работата на Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Управата за

финансиска полиција и Бирото за јавни набавки, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно-правни работи и Државниот девизен инспекторат како органи во состав на Министерството за финансии.

## ПОДДРШКАТА НА ВЛАДИНИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА КОИ ЌЕ СЕ АНГАЖИРА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

***Стратешки приоритети во 2012 година се утврдуваат за:***

-зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење;
-интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет;
-продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото;
-одржување добри меѓуетнички основи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почит и подеднакво спроведување на законот како и довршување на имплементацијата на Рамковниот договор;
-инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава.

***За остварување на стратешките приоритети се утврдуваат следните приоритетни цели:***

-јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на регионалната соработка и добрососедските односи;
-подобрување на бизнис климата и креирање на еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси;
-постигнување на позитивни стапки на економски раст;
-одржување на макроекономска стабилност и стабилност на курсот на денарот;
-спроведување на фискални политики во функција на поддршка на економскиот раст;
-воспоставување на одржливо ниво на јавниот долг преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит;
-зголемување на странските и домашните инвестиции;
-спроведување на активни политики за вработување со кои се делува врз знаењето и квалификациите на понудата на работна сила;
-искористување на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност;
-спроведување на политиката за рамномерен регионален развој;
-натамошна поддршка на развојот на земјоделството и развојот на руралните средини;
-зголемување на учеството во политиките на ЕУ во областа на надворешните односи, особено во развојната политика и хуманитарната помош;
-продолжување со реформата на јавната администрација;
-зајакнување на внатрешната финансиска контрола во субјектите од јавниот сектор;

-зголемување на ефективноста, ефикасноста и отчетноста на јавната администрација;
-јакнење на административните капацитети на централно и локално ниво;
-јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови на ЕУ;
-постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ;
-зајакнување на капацитетите за спроведување на европското законодавство, согласно приоритетите утврдени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ ( НПАА ) ;
-јакнење на борбата против тероризмот и организираниот криминал;
-јакнење на административните капацитети за борба со преку граничниот криминал и корупцијата;
-јакнење на демократијата и владеењето на правото;
-заокружување на реформата во судството;
-зголемување на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики;
-јакнење на меѓуетничката доверба и довршување на спроведувањето на Рамковниот договор;
-заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на фискалниот капацитет на единиците на локалната самоуправа;
-инвестирање во изградбата на инфраструктурни објекти.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Спецификностите произлегуваат од фактот што документите кои ова Министерство ги предлага, Фискалната стратегија заедно со макроекономската политика и стратегија на јавен долг, Буџетот, како и Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија, претставуваат рамка за димензионирање и насока на дејствување на останатите државни органи, особено од финансиски аспект. Исто така, Министерството за финансии, во рамки на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и фискалното работење од аспект на законитоста, наменското користење на средствата и слично. Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури за децентрализирано управување со средствата од ЕУ-ИПА (Надлежен координатор за акредитација, Националниот Координатор за авторизација и Програмскиот Службеник за Авторизација/Раководител на Оперативната Структура) кои што ја преземаат крајната одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од пред пристапните фондови од ЕУ – ИПА, согласно овластувањата кои произлегуваат од договорите склучени во однос на ИПА помеѓу Владата на РМ и Европската Комисија. Спецификностите на Министерството за финансии произлегуваат од законските овластувања во делот на јавните набавки и во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување на перењето пари и финансирање на тероризам.

## 1.6. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ




### 1.6.1. Планирани промени

## 1.7. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ




### 1.7.1 Планирани промени

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

- *Обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата.*
  - одржување на макроекономска стабилност и стабилност на курсот на денарот;
  - спроведување на фискални политики во функција на поддршка на економскиот раст;
  - постигнување на позитивни стапки на економски раст;
  - подобрување на бизнис климата;
  - позасилена наплата на изворните приходи и други приливи;
  - обезбедување на рационално и наменско користење и динамичка усогласеност на изворните приходи;
  - зајакнато управување со ликвидноста на средствата на краток и среден рок;
  - зголемување на странските и домашни инвестиции;
  - инвестирање во изградбата на ифраструктурни објекти;

- *Одржување на нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор*
  - управување со јавен долг преку минимизирање на трошоците;
  - оддржување на умерено ниво на буџетски дефицит;

- *Заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на фискалниот капацитет на единиците на на локалната самоуправа*

- *Јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови*
  - финансиско управување со средствата од ИПА;
  - висок процент на искористеност на средствата од ИПА алоцирани за секоја ИПА компонента;
  - воспоставување и одржување на Менаџмент информационен систем (МИС) за имплементација на проектите во рамките на ИПА компонента I-IV и на Софтверот за финансии и сметководство во рамките на петтата компонента од ИПА.
  - пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од втората компонента од ИПА и за целосно децентрализирано управување за останатите мерки од ИПАРД програмата.

- *Постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ*

- *Силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на поголеми структури во функција на владеењето на правото*

- *Јакнење на ефикасноста и транспарентноста во работењето и развивање на систематски пристап за едукација и стручно надградување на вработените преку континуиран процес на обука;*

## 1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2010 ГОДИНА

### 1.9.1. Макроекономска политика

–редовно се подготвувани извештаи за краткорочните економски движења на месечно и квартално ниво и објавувани на web страната на Министерството за финансии;
–подготвен е Годишен економски извештај за 2009 година;
–подготвена е Пред пристапната економска програма (ПЕП) 2011-2013 година;
–подготвена е Макроекономската политика за 2011 година;
–подготвувани се краткорочни и среднорочни макроекономски проекции;
–редовно е следено остварувањето на макроекономските индикатори по сектори;
–спроведени се неопходни активности за реализација на мерките предвидени со промената на концептот на пресметка и исплата на плата на вработените, како и намалување на придонесите од задолжително социјално осигурување.

### 1.9.2. Буџетска политика

– реализирана е врамнотежена фискална политика во рамки на планираните приходи и расходи и низок и контролиран буџетски дефицит;
– донесени се Измени и дополнувања на Законот за Буџетите во насока на утврдување на можноста за измена на согласностите за веќе склучените договори;
– донесени се Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со цел обезбедување на постапен пораст на приходите од ДДВ и можност за обезбедување на позајмица од Буџетот како инструмент за надминување на финансиска нестабилност на општините;
– донесена е Завршната сметка на Буџетот за 2009 година;
– донесени се Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2010 година;
– усвоена е Фискалната стратегија на Република Македонија за периодот 2011 -2013 година;
– подготвен е Буџетскиот циркулар за 2011 година;
– донесен е Буџетот на Република Македонија за 2011 година и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2011 година;
– редовно се следеше и информираше за реализацијата на буџетските проекции согласно среднорочните фискални проекции за периодот 2010-2012 година;
– редовно се извршуваа обврските и функциите на државата, согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетите;
– донесен е Правилник за формата и содржината на периодичните финансиски извештаи на општините;
– донесен е Правилник за начинот на постапување при одобрување и враќање на краткорочна и долгорочна позајмица на општината од централниот Буџет;
– донесена е Уредба за методологија за распределба на приходите од Данокот на додадена вредност по општини за 2011 година;
– усвоен е Извештајот за реализација на Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2009 -2011, во 2009 година;

– подготвен е Стратешки план на Министерство за финансии за периодот 2011- 2013 година;
– подготвена е Информација за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на РМ за 2009 година;
–се вршеше континуирано месечно информирање на Владата на Република Македонија за реализацијата на капиталните расходи во Буџетот на Република Македонија за 2010 година;

1.9.3. Трезорско работење

–редовно следеше и информираше за реализацијата на буџетските проекции, согласно со Фискалната стратегија за периодот 2010 - 2012 година;
–беа остварени континуирани активности за наплата на средствата по сите основи од страна на Компензациониот фонд;
–подготвени се извештаи за работа на Компензационите фондови и усвоени се од Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови;
–реализирани се активности за наплата на побарувања со примена на законски модалитети;
–беа применети законски решенија во насока на измените на Законот за изменување на Закон за организација и работа на органите на државната управа ;
–унапредување на внатрешни акти – процедури за текот на движењето на документите, начинот на контрола и реализација на Секторот;
–редовно ажурирање на WEB страната на Министерството за финансии во делот на Извештаи - Трезор;
–донесено е Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на трезорско работење;
–донесено е Упатство за начинот на извршување на налозите за извршување кои ја задолжуваат Трезорската сметка или Здравствената трезорска сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на Трезорската сметка или Здравствената трезорска сметка;
–подготвено е дополнување на подзаконските акти од делокругот на Секторот;
–редовно се извршуваа обврските, согласно со Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетите и подзаконските акти од областа на трезорското работење;
–добиена е Одлука за пренесување на надлежноста за управување со пред пристапните фондови за ИПА Компонента 1 за „Помош при транзиција и институционална надградба";
–потпишана е Финансиската Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската комисија за Националната програма за компонента 1 за 2009 година „Помош при транзиција и институционална надградба";
–Националниот фонд испрати барање до Европската комисија, во декември 2010 година за пред -финансирање за Националната програма 2009 за ИПА компонента 1 во износ од 16.307.000 евра (пред - финансирање во висина од 50% од придонесот на Заедницата за

првите три години од Програмата). Износот од пред - финансирањето беше префрлен од ЕК на ИПА евро сметката на Национален фонд во јануари 2011 година;
–потпишана е Финансиската Спогодба 2007-2010 помеѓу Европската комисија и Република Македонија (ИПАРД помош за петтата ИПА компонента);
–побарано е пред - финансирање во висина од 30% од придонесот на Заедницата за првите три години од ИПАРД Програмата. Половина од побараниот износ на пред - финансирањето е трансфериран на ИПА Евро сметката на Националниот Фонд;
–заврши Проектот (Твининг лесен) за Зајакнување на капацитетите за управување со ЕУ средства и ИПА во рамки на ЦФЦД и НФ во рамки на Националната Програма за ИПА компонента 1 од 2007 година;
–се реализира Проектот за Техничка помош за поддршка на институциите за ДИС во рамки на Националната Програма за ИПА компонента 1 од 2007 година;
–подготвени се Акциски планови за отстранување на недостатоците, согласно наодите на ревизорските мисии за пренесување на надлежностите за децентрализирано и целосно децентрализирано управување со средствата од ИПА компонентите I, III , IV и V;
–подготвени и доставени се квартални и полугодишни извештаи за постигнатиот напредок на ДИС системот до Европска комисија, согласно наодите од ревизорските извештаи за пренесување на надлежностите за децентрализирано и целосно децентрализирано управување со средствата од ИПА компонентите I, III, IV и V;
–одржани се редовни квартални состаноци со оперативната структура за ИПА компонентите I, III, IV и V со цел следење на системот за имплементација на ИПА средствата;
–извршени се верификациски посети во ИПАРД Агенција, Телото за управување и ЦФЦД со цел проверка дали акредитациските критериуми за управување со ИПА средствата се почитуваат од овие институции;
–подготвени се финансиски проекции и анализи за користење на ИПА средствата, како и за соодветно обезбедување на националното кофинансирање.

### 1.9.4. Централно финансирање и склучување на договори

–во согласност со препораките од службите на Европската комисија по спроведените ревизорски мисии за пренос на надлежности за децентрализирано управување со ИПА компонентите I, III и IV, извршено е последователно ревидирање на правната рамка која го дефинира системот за децентрализирано управување со ЕУ фондовите, и тоа:

1. Владата на Република Македонија ја усвои Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за пред пристапна помош (ИПА) на Европската Унија, која е ревидирана во согласност со насоките од страна на Генералните директорати на Европската Комисија за регионална политика и за вработување, социјална политика и еднакви можности;
2. Согласно со Измените и дополнувањата во Уредбата за ДИС, назначени се: Програмски службеник за авторизација (ПСА) за ИПА Компонента I од страна на

Националниот координатор за авторизација; Раководител на Оперативната структура за ИПА Компонентите III и IV од страна на Владата на Република Македонија; Виши програмски службеници за ИПА Компонента I од страна на ПСА; како и ИПА Координаторите во ресорните министерства за ИПА Компонента III и IV од страна на ресорните министри;

–ревидирани се соодветните договори помеѓу различни структури во системот за децентрализирано управување, како и ревидирање на внатрешните постапки на истите, со цел да се обезбеди конзистентност помеѓу правната рамка и акредитациските критериуми, како и усогласеност помеѓу правните акти кои постојат на различни нивоа во системот;

–Европската комисија со одлука Ц(2010) 8834 од 13 декември 2010 година, ја додели акредитацијата на националните структури во Република Македонија за децентрализирано управување со средствата од ИПА компонентата 1 – ТАИБ, која се однесува на проектите од Националната програма ИПА ТАИБ 2009 (2009/021-665);

–беа одржани генерални и специфични обуки за ново вработените лица во Оперативните структури за ИПА Компонентите 1-4 за следниве области: законска и институционална поставеност за ИПА според правилата за децентрализирано управување со помошта од ЕУ (ДИС), постапки за контрола, постапки според ЕУ ПРАГ за договори за услуги со мала вредност (FWC). Дополнително, во рамки на проектите за техничка помош се спроведоа обуки за правилата за твининг договори, управување со нерегуларности, годишна изјава за гаранција и друго;

–спроведена е проверка на капацитетите во вкупно 27 институции вклучени во оперативните структури за Компонентите 1, 3 и 4, со цел оценка на институционалните и административни капацитети на воспоставените ИПА структури во институциите;

–започна спроведувањето на Проектот за поддршка на ДИС (систем на децентрализирано управување со ИПА), кој е финансиран преку ИПА компонента I (ТАИБ) – Националната програма 2007, чија цел е да обезбеди експертска помош за Секретаријатот за европски прашања, Секторот за централно финансирање и склучување договори, Националниот фонд, Вишите програмски службеници и структурите за ИПА кои се дел од Оперативната структура за ИПА компонента I;

–беше реализиран Проектот за поддршка на капацитетите на ЦФЦД и НФ, финансиран преку Договор за твининг со краток период на спроведување од 6 месеци во рамки на ИПА компонента I – ТАИБ Националната програма 2007. Проектот обезбеди експертска помош и размена на искуство во управување со фондовите од ЕУ и ИПА во согласност со стандардите за внатрешна контрола и критериумите за акредитација. Проектот се спроведе во соработка со твининг партнер од Литванија;

–на 21 декември 2010 година стапи во сила Финансиската спогодба за Националната ТАИБ Програма за 2009 година (2009/021-665);

–на 4 ноември 2010 година Европска комисија ја одобри ревидираната Оперативна програма за регионален развој, со што на Република Македонија и се ставија на располагање дополнителни средства во износ од 29,4 милиони евра за 2010 година и 39,3

милиони евра за 2011 година. Соодветно дополнетиот Финансиски договор беше потпишан на 21 декември 2010 година;

–на 23 ноември 2010 година Европската комисија ја одобри ревидираната Оперативна програма за развој на човечки ресурси, со што на Република Македонија и се ставија на располагање дополнителни средства во износ од 8,4 милиони евра за 2010 година и 8,8 милиони евра за 2011 година;

–извршено е ревидирање на ИПА апликациите за двата големи инфраструктурни проекти од Оперативната програма за регионален развој 2007-2009, Проектот Коридор 10 (еден договор за градежни работи и еден за услуги) и Проектот Пречистителна станица за отпадни води во Прилеп (два договори за градежни работи и еден за услуги). Согласно коментарите добиени од Европската комисија во текот на нивната оценка и ревидираните апликации се доставени повторно до Европската комисија на одобрување. Паралелно на овој процес, во тек е усогласување на тендерската документација за овие два проекти со Делегацијата на ЕУ во РМ;

–во рамки на Оперативната програма за регионален развој за програмскиот период 2007-2011 година доделени се финансиски алокации во износ од 128,470,605 милиони евра, од кои 62% односно 79,753,784 милиони евра се програмирани во 8 листи за идентификација на операции и 2 ИПА апликации за големи проекти. Во 2010 година подготвени се 3 договори за набавка, 4 договори беа во тендерска процедура, а 2 договори беа потпишани во износ од приближно 0,2 милиони евра;

–во рамките на Оперативната програма за развој на човечки ресурси за програмскиот период 2007-2011 година доделени се финансиски алокации во износ од 39,411,797 милиони евра, од кои 42,6% односно 16,788,100 милиони евра се програмирани во 15 листи за идентификација на операции. Во 2010 година подготвени се 10 договори за набавка. За сите 10 договори беше започната тендерската процедура, а 3 договори беа потпишани во износ од приближно 2,2 милиони евра;

–започна спроведувањето на проектот за воспоставување на Информациски систем за управување (МИС) и за следење на управувањето со проектите финансирани од ИПА компонента I-IV во Република Македонија, финансиран во рамки на ИПА Компонента I од Националната програма за 2007 година. Во овие рамки, во периодот мај -декември 2010 година се развиени четири модули: за финансии и сметководство; за тендерски постапки; за следење на имплементација и за известување, кои понатаму треба да се доразвијат во текот на 2011 година;

–организирани се и одржани четири редовни состаноци на Секторските комитети за следење на напредокот на Оперативните програми за ИПА компонентите III и IV;

–согласно одредбите од ИПА Регулативата, подготвени се и испратени до Европската Комисија годишни извештаи за 2009 година за имплементација на Оперативната програма за регионален развој и Оперативната програма за развој на човечки ресурси и истите се одобрени од страна на Европската комисија.

1.9.5. Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност;

–донесена е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност;

–донесен е Правилник за формата и содржината на Пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност;

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите;

–донесен е Закон за изменување на Законот за акцизите;

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка;

–донесен е Правилник за начинот на вршење на поврат на персонален данок на доход на индивидуална сметка на член на доброволен пензиски фонд и формата и содржината на барањето за поврат на данок;

–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за започнување на остварување на приходи од самостојна дејност;

–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за остварени други приходи;

–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход за капитални добивки;

–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход за приходи од имот и имотни права;

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за даноци на имот;

–донесен е Закон за дополнување на Законот за даноци на имот;

–донесен е Правилник за форма и содржина на известувањето за не одлучување по поднесена жалба;

–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не донесување на решение за висината на данокот на наследство и подарок, односно на решение за одбивање на даночната пријава за данок на наследство и подарок;

–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не донесување на решение за висината на данок на промет на недвижности, односно на решение за одбивање на даночната пријава за данокот на промет на недвижности;

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси;

–донесен е Закон за игрите на среќа и за забавните игри;

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри;

–донесен е Правилник за изменување на Правилникот за техничките, технолошките и просторните услови за приредување на игри на среќа и забавните игри и стручната оспособеност на лицата ангажирани во изведувањето на игри на среќа;
–донесен е Правилник за формата и содржината на образецот заради неиздавање на дозвола, односно не донесување на решение за одбивање на барањето за добивање на дозвола;
– донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето заради не донесување на решение, односно недонесување на решение за одбивање на барањето за донесување на решение;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка;
–донесен е Правилник за формата и содржината на известувањето за не одлучување по поднесена жалба.

**1.9.6. Финансиски систем**
–донесен е Закон за државна ревизија;
–донесен е Закон за ревизија;
–донесен е Закон за ревизија на инструментот за пред пристапна помош (ИПА);
–донесен е Закон за изменување и дополнување на законот за платен промет;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за меница;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за банки;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност;
–донесен е Закон за изменување на Законот за инвестициски фондови;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување;
–донесен е Закон за давање на финансиски услуги на далечина;
–донесен е Закон за Народната банка на Република Македонија;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити;
–донесен е Закон за финансиски друштва;
–донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за добивање на дозвола за вршење на финансиски лизинг;
–донесен е Правилник за формата и содржината на годишната сметка за банките и другите финансиски институции;
–донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните податоци, потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција;

–донесена е Одлука за Деветта емисија на обврзници за денационализација;
–објавени се Меѓународни стандарди за ревизија;
–издадени се две Дозволи за вршење финансиски лизинг, а одземени се исто така две дозволи за вршење финансиски лизинг.

**1.9.7. Управување со јавен долг**

–беше извршена емисија на државни хартии од вредност со и без девизна клаузула, согласно Календарот за емисија на ДХВ;
–беше ревидирана оценката за кредитниот рејтинг на Република Македонија од страна на реномирани агенции за кредитен рејтинг;
–континуирано беа следени меѓународните финансиски пазари;
–редовно беа подготвувани извештаи за состојбата на јавниот долг;
–редовно беа сервисирани обврските по основ на внатрешниот и надворешниот долг на државата кои се плаќаат од Буџетот на РМ;
–донесена е Стратегија за управување со јавен долг за период 2010-2012 година;
–подготвен е квартален извештај за Q1 и Q3 од 2010 година;
–подготвен е полугодишен извештај за јавниот долг за првото полугодие од 2010година;
–изработен е Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за управување со јавен долг за 2009 година;
–редовно ажурирање на WEB страната на Министерството за финансии во делот на Државни хартии од вредност и Јавни финансии-Јавен долг;

**1.9.8. Усогласување со Европската унија и меѓународни финансии**

–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација;
– донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за Првиот заем за развојна политика - ДПЛ 1;
– донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено -поправните установи;
–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи – прва фаза;
–донесена е Исправка на Законот за задолжувања на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи – прва фаза;
–донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на Проектот „Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ;

–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“;
–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10;
–подготвено и поднесено е Проектно фише (Project Fiche) за "Проектот за натамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа на движење на капитал, плаќања и финансиски услуги – пазарот на хартии од вредност и инвестициски услуги", кој Министерството за финансии ќе го имплементира во рамките на ИПА 2010, Компонента 1;
–редовно се имплементирани обврските кои произлегуваат од Оперативниот договор склучен помеѓу Вишиот програмски службеник на Министерството за финасии (СПО) и Програмскиот службеник за авторизација (ПАО);
–потпишан е Амандман на Оперативниот договор за првата ИПА компонента со Програмскиот службеник за авторизација;
– донесени се измени на прирачникот за процедурите за работа на ИПА Одделението;
– добиена е акредитација на Министерството за финансии за системот за децентрализирано управување со ИПА, воспоставен за ИПА компонента 1;
–подготвена е Нацрт верзија на проектната задача за договорот за услуги во рамки на Проектот за јакнење на капацитетите на Секторот за макроекономска политика за вршење на макроекономски анализи и формулирање политики со цел подобрување на процесот на донесување политики и исполнување на критериумите за членство во ЕУ, кој ќе се имплементира во рамки на ИПА 2009, компонента 1;
–подготвена е Нацрт верзија на проектната задача за твининг договорот во рамки на Проектот за јакнење на капацитетите на Секторот за макроекономска политика за вршење на макроекономски анализи и формулирање политики со цел подобрување на процесот на донесување политики и исполнување на критериумите за членство во ЕУ, кој ќе се имплементира во рамки на ИПА 2009, компонента 1;
–подготвена е Проектна идеја (Project Idea) и Формулар за идентификација на проектот (Project Identification Sheet) за Проектот за градење на капацитетите на Секторот за буџет и јакнење на капацитетите за среднорочна политика во рамките на ИПА 2011;
–подготвена е Нацрт верзија на Проектно фише (Project Fiche) за Проектот за градење на капацитетите на Секторот за буџет и јакнење на капацитетите за среднорочна политика, кој Министерството за финансии ќе го имплементира во рамки на ИПА 2011, Компонента 1;
–координирани се активностите на Министерството за финансии поврзани со подготовка на документите кои произлегуваат од процесот на европска интеграција (Регионални и хоризонтални ИПА Фондови, Повеќегодишен индикативен документ за 2011-2013 година);

–редовно е ажуриран и доставуван до Секретаријатот за европски прашања „Прашалник за месечно известување на министерствата за активности поврзани со имплементација на ИПА компонентата за транзициска помош и институционално зајакнување“;
–редовно се координирани активностите на Министерството за финансии, поврзани со инструментот на ЕУ за техничка поддршка и размена на искуства TAIEX;
–редовно е следен статусот на реализација на мерките и активностите од НПАА 2010 година, кои се во надлежност на Министерството за финансии;
–координирани се активностите на Министерството за финансии поврзани со подготовка на придонес на Министерството за финансии кон Годишниот извештај на Европска комисија за напредокот на Република Македонија;
–редовно е подготвуван интегриран Извештај на ниво на Министерство за финансии за степенот на реализација на НПАА и согласно потребите, обезбедувани се учества на седниците на Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ) и на поткомитетите на РКЕИ;

**1.9.9. Царинска политика, систем и постапки**

–донесени се закони за изменување и дополнување на Царинскиот закон ;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на законот за Царинска тарифа;
–донесени се закони за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа;
–донесена е Уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон;
–донесена е Уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон;
–донесена е Уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон;
–донесена е Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на продажба и постапување со стока која е одземена или која е отстапена во корист на државата и за распределба на средствата стекнати со продажбата;
–донесена е Уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки;
–донесена е Уредба за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на европските заедници за распоредување на одредени стоки во комбинираната номенклатура;
–донесена е Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2011 година;
–донесен е Правилник за изменување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат.

**1.9.10. Јавна внатрешна финансиска контрола**

–донесена е Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија од 2010 – 2012 година;
–усвоен е Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2009 година;
–избран е партнер и изготвен е Работен план за спроведување на твининг проектот „Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку јакнење на капацитетите

за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и на централно ниво“, кој ќе се спроведува во 2011 и 2012 година;
–во рамките на МАТРА проектот “Зајакнување и имплементирање на јавната внатрешна финансиска контрола на централно ниво“ реализирани се обуки за „Подготовка на стратешки и годишни планови“, „Презентирање на системот за финансиско управување и контрола и негова имплементација“, „Изготвување на Годишниот извештај за квалитетот и состојбата на системот за финансиски менаџмент и контрола за 2009 год“, „Изготвување на интерни акти-процедури “ и „Вештини за известување“;
–реализирани се работни средби со 16 пилот институции за „Презентирање на системот за финансиско управување и контрола и негова имплементација“;
–спроведена е ревизија во: Дирекцијата за заштита и спасување, Институтот за македонска литература и Агенцијата за енергетика;
–донесен е Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата;
–објавени се Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија;
–донесен е Правилник за етичкиот кодекс на внатрешните ревизори;
–донесен е Правилник за повелба за внатрешна ревизија;
–донесен е Правилник за програмата и начинот на полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор;
–донесен е Правилник за начинот за давање на овластувања;
–донесен е Правилник за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања;
–објавени се Стандарди за внатрешна контрола;
–донесен е Правилник за начинот на спроведување на општите финансиски процеси;
–донесен е Правилник за формата и содржината на извештаите и Изјавата од годишниот финансиски извештај ;
–одобрен и објавен е Прирачник за финансиско управување и контрола;
–одобрен и објавен е Прирачник за внатрешна ревизија;
–подготвена е Нацрт - Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот на известување за неправилностите.

### 1.9.11. Управа за имотни правни работи

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

### 1.9.12. Државен девизен инспекторат

–континуирано се вршеше инспекциски надзор од надлежност на Државниот девизен инспекторат во рамките на законските овластувања;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција;

–подготвен е Правилник за начинот за водење на евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристапот до информациите кои се содржани во евиденцијата.
–се измени и дополни Одлуката за формирање на Прекршочна комисија за водење на прекршочна постапка во Државниот девизен инспекторат.

### 1.9.13. Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите

–спроведени се ревизии, согласно Годишниот план во ИПА структурите на Министерството за финанси, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

–подготвени се и одобрени процедури за главните процеси на Одделението;

–подготвени се анализи на ризици по процеси во ИПА структурите на Министерството за финанси, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2011 ГОДИНА

### 1.10.1. Макроекономска политика

***Постигнати резултати:***
–редовно беа подготвувани извештаи за краткорочните економски движења на месечно и квартално ниво и објавувани на интернет страницата на Министерството за финансии;
–подготвен е Годишен економски извештај за 2010 година;
–подготвена е Пред-пристапната економска програма (ПЕП) 2011-2013 година;
–беа организирани и координирани активностите околу подготовката и претседавање со седмиот состанок на Поткомитетот за економско – финансиски прашања и статистика;
–подготвен е Извештајот на напредокот на Република Македонија во периодот мај 2010 - мај 2011 година, согласно Извештајот Doing business на Светска банка;
–подготвувани беа краткорочни и среднорочни макроекономски проекции;
–подготвен и донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување;
–подготвен и донесен е Правилник за формата и содржината на Образецот на изјавата за остварени приходи;
–подготвен и донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување;

–подготвена е Информација до Владата на Република Македонија и спроведени се неопходните активности за отпочнување на реформата за промена на основот за здравствено осигурување на невработените лица;
–подготвена е Пред пристапната економска програма (ПЕП) 2012-2014;
-подготвена е и усвоена Макроекономска политика за 2012 година во рамки на Фискалната стратегија 2012-2014 година;
-спроведени се активности за реализација на мерките предвидени со промената на концептот на пресметка и исплата на плата на вработените;
–подготвен е и донесен Закон за субвенционирање на станбени кредити;
-подготвен е и објавен Правилник за содржината на јавниот повик за прибирање на понуди за избор на деловни банки, начинот и рокот за поднесување на понудите и начинот на евалуација и избор на банки за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити;
- Објавен е Јавен повик за прибирање на понуди за избор на деловни банки за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити;
- Потпишан е Договор за одобрување на субвенционирани станбени кредити согласно Законот за субвенционирање на станбен кредит со осум деловни банки кои влегоа во Проектот "Купи куќа – купи стан".

### 1.10.2. Буџетска политика

***Постигнати резултати:***

–се реализираше буџетската политика во рамки на планираните проекции на јавните приходи и расходи и одржување на контролиран и низок буџетски дефицит;
–подготвени и усвоени се измени на Законот за финансирање на ЕЛС, со цел прецизирање на условите за финансиска нестабилност на општините;
–подготвена е Фискалната стратегија за 2012-2014 година;
–подготвен е и испратен до сите буџетски корисници буџетскиот циркулар за 2012 година;
–донесена е и усвоена Одлука за распределба помеѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите;
–подготвена е Завршната сметка на Буџетот за 2010 година;
–подготвена е Уредбата за методологија за распределба на приходите од Данокот на додадена вредност по општини за 2012 година;
–подготвен е Водич за издавање на општински обврзници;
–се вршеше редовна контрола на исплатата на платите на буџетските корисници и редовна контрола на вработувањата, согласно обезбедените средства;
–подготвена и усвоена е Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2011 - 2013 ;
–подготвена е Информација за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2010 година;
–редовно се извршувани обврските согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2011 година (планирање, анализа,

мислења, информации, следење на буџетите на буџетски корисници и спроведување на потребни пренамени, следење на буџетите на општините преку извештаите, контрола на исплата на плати и контрола на вработувањата, согласно обезбедените средства.)
-донесени се измените на Законот за буџетите;
донесен е Буџетот на Република Македонија за 2012 година и Законот за негово извршување;
–продолжи реализацијата на контролирана буџетска политика и динамичко усогласена реализација на планираните јавни приходи и расходи;
–подготвувани се месечни информации за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Македонија за 2011 година и истите се доставени до Владата на Република Македонија.
–подготвен е Стратешки план на Министерство за финансии за периодот 2012- 2014 година;
–подготвена е Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија за периодот 2012 - 2014 ;
–подготвени се Предлог иницијативи од Министерството за финансии за Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2012 година;

### 1.10.3. Трезорско работење

***Постигнати резултати:***

–формирана е работна група за Е - трезор со задача да од почне активности за набавка на нов интегриран информационен систем;
–остварени се активности за наплата на средствата по сите основи од Компензациските фондови;
–редовно се извршени обврските, согласно Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетите и под законските акти од областа на трезорското работење;
–одобрени се барањата за финансиски средства до ЕК за ИПА компонентите III, IV и V и истите се трансферирани на соодветните девизни сметки на НФ во НБРМ;
–подготвени се проекции за трошење на ИПА средства и национално кофинансирање за ИПА проектите кои се управуваат на децентрализиран начин
–подготвени и доставени се Изјави за гаранции за ефективно функционирање на децентрализираниот систем за управување со ИПА средствата од страна на НАО до ЕК;подготвена е Годишна декларација за сметките од ИПА компонента V и истата е доставена до ЕК;
–започната е тендерската постапка за избор на надворешна независна ревизорска куќа за проценка на усогласеност, која ќе претставува основа за доделување на национална акредитација за техничката мерка 501 од ИПАРД Програмата;
–преземени се активности за спроведување на Законот за изменување на Законот за организација и работа на органите на државната управа во делот на укинување на Агенцијата за развој и инвестиции и преземање на дел од надлежностите на Агенцијата кои се однесуваат на наплатата на побарувања.;

–наплатени се побарувања во насока на остварување на очекувани приходи за Буџетот на Република Македонија;
–доставени се извештаи за постигнатиот напредок на ДИС системот до Европска комисија, согласно наодите од ревизорските извештаи за пренесување на надлежностите за децентрализирано и целосно децентрализирано управување со средствата од ИПА компонентите I, III и IV
–започнати се активности за воспоставување на Оперативната структура за втората ИПА компонента
–одржана е Ревизорска Мисија од страна на Генерален Директорат за земјоделство и рурален развој за ИПАРД програмата во октомври 2011 година;
–доставени се Барања за финансиски средства до ЕК за ИПА компонента I, III, IV и V;
–спроведена е надворешна ИТ ревизија на МИС апликацијата врз основа на потпишан Рамковен договор за вршење на надворешна ИТ ревизија;
–воспоставувањето на софтвер за финансиски менаџмент и сметководство за петтата компонента на ИПА е во финална фаза.

**<u>1.10.4. Централно финансирање и склучување на договори</u>**
***Постигнати резултати:***
-во февруари 2011 година, Програмскиот службеник за авторизација и Раководител на Оперативната структура издаде Годишни изјави за гаранција за функционирање на системот на управување и контрола во рамки на децентрализираното спроведување на ИПА (ДИС) за ИПА Компонентите 1, 3 и 4;
-Програмскиот службеник за авторизација достави до Националниот координатор за авторизација барање за доделување на национална акредитација на четири дополнителни институции кои треба да се вклучат во Оперативната структура за ИПА Компонента 1, и тоа: Министерство за информатичко општество и администрација; Комисија за заштита на конкуренција; Совет за радиодифузија и Агенција за електронски комуникации. Истите се корисниччки на проекти од ТАИБ 2009, поради што беа предмет на оценување од страна на ЦФЦД за исполнување на акредитациските критериуми, согласно ИПА Регулативата;
- целосно е спроведен Годишниот план за проверка на капацитетите за 2011 година, од тимови составени од вработени лица во ЦФЦД, со цел оценка на институционалните и административни капацитети на воспоставените ИПА структури во институциите за Компонентите 1, 3 и 4;
-потпишана е Спогодба со Европската комисија за модификација на Финансиската спогодба за финансирање на повеќегодишната Оперативна програма за развој на човечки ресурси, со додавање на алокациите за 2010-2011 година, во рамките на постојните приоритетни оски и мерки;
-во рамките на „Оперативната програма за регионален развој“ за програмскиот период 2007-2011, алоцирани се средства од ИПА во износ 109,200,000 евра. Во рамки на алокациите за 2010-2011 година, одобрени се вкупно 6 проекти од кои, 5 во областа на транспортот и 1 во областа на заштитата на животната средина. Заклучно со 31.12.2011

година, склучени се 5 договори во износ од 0,7 милиони евра, а исплатени се средства во износ од 0,35 милиони евра;

- во рамките на „Оперативната програма за развој на човечки ресурси" за програмскиот период 2007-2011, алоцини се средства од ИПА во износ 33,500,000 евра. Во постапка на усогласување се дел од проектите кои ќе се финансираат од алокациите за 2010-2011 година, во областа на социјалната политика и образованието. Исто така, одпочнати се тендерски постапки за проекти кои се веќе одобрени од страна на Европската комисија. Заклучно со 31.12.2011 година, склучени се 11 договори во износ од 11 милиони евра, а исплатени се средства во износ од 3,5 милиони евра;

-во рамките на ТАИБ 2009 финансиските алокации се во износ од 33,426,858 евра, При тоа, средствата се програмирани во 21 проектно фише. Подготвени беа 10 договори за набавка, а за 13 договори беше започната тендерската процедура. Во рамките на оваа програма нема потпишани договори, бидејќи Финансискиот договор со Европската комисија беше потпишан на 21 декември 2010 година;

-организирани се и одржани четири редовни состаноци на Секторските комитети за следење на напредокот на Оперативните програми за ИПА компонентите III и IV;

-подготвени се и испратени до Европската комисија годишни извештаи за 2010 година за имплементација на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 и Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 финансирани од ИПА и истите се одобрени од страна на Европската комисија;

- подготвен е Извештај од спроведената среднорочна евалуација на „Оперативната програма за развој на човечки ресурси", со цел добивање насоки за идниот програмски период 2012-2013 година;

-во текот на февруари, 2011 година заврши првичното прифаќање на Системот за управување со информации (МИС), по што следи гарантен период од една година. Дополнително, во периодот мај - јули 2011 година се спроведе проектот за независна ИТ ревизија на МИС, при што се добија препораки за подобрување на апликацијата.

### 1.10.5. Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи

***Постигнати резултати:***

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност;

–донесена е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност;

–донесен е Правилник за формата и содржината на пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност;

–донесен е Закон за дополнување на Законот за данок на додадена вредност;

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност;

–донесен е Правилник за формата и содржината на барање заради не донесување на решение за прифаќање на пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност,

односно не донесување на решение за одбивање на пријавата за регистрацијата за данокот на додадена вредност;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за прифаќање на пријавата за отповикување на регистрацијата за данокот на додадена вредност, односно не донесување на решение за одбивање на пријавата за отповикување на регистрацијата за данокот на додадена вредност;
–донесен е Правилник за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите;
–донесен е Закон за изменување на Законот за акцизите;
–донесен е Закон за дополнување на Законот за акцизите;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не донесување на решение за издавање акцизна дозвола, односно на Решение за одбивање на барањето за издавање акцизна дозвола;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барање заради не донесување на решение за издавање одобрение за акцизно – повластено користење, односно на решение за одбивање на барањето за издавање одобрение за акцизно – повластено користење;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка;
–донесен Правилник за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување;
–донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на добивка по основ на воведување во употреба на одобрен систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход;
–донесен е Правилник за начинот на вршење на поврат на персонален данок на доход на индивидуална сметка на член на доброволен пензиски фонд и формата и содржината на барањето за поврат на данок;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не одлучување по барањето за враќање на повеќе уплатениот данок;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не одлучување по барањето за паушално плаќање на персоналниот данок на доход;
–донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барање за паушално плаќање на персонален данок на доход;
–донесена е Објава за износот на личното ослободување за 2012 година
–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за започнување на остварување на приходи од самостојна дејност;

–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за остварени други приходи;
–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход за капитални добивки;
–донесена е измена на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на аконтативната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход за приходи од имот и имотни права;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за даноци на имот;
–донесен е Закон за дополнување на Законот за даноци на имот;
–донесен е Правилник за формата и содржината на известувањето за неодлучување по поднесена жалба;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за висината на данокот на наследство и подарок, односно на решение за одбивање на даночната пријава за данок на наследство и подарок;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не донесување на Решение за висината на данок на промет на недвижности, односно на Решение за одбивање на даночната пријава за данокот на промет на недвижности;
–донесена е Методологија за изменување и дополнување на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот;
– донесен е Закон за дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања;
–донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на проверка и контрола на системот на фискалните апарати.
–донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барање за одобрување на даночно ослободување по основ на воведување на систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не издавање на дозвола за даночно ослободување, односно не донесување на решение за одбивање на барањето за даночно ослободување по основ на воведување на систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради не издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок, односно не донесување на акт за одбивање на барањето за даночно ослободување по основ на воведување во употреба на одобрен систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси;
–донесен е Правилник за начинот на плаќање на административните такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка, и со пренос на средства од на друга трансакциска сметка и начинот на плаќање на административните такси преку мобилен оператори или преку интернет;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка;
–донесен е Правилник за формата и содржината на известувањето за неодлучување по поднесена жалба.

–донесен е Закон за игрите на среќа и за забавните игри;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри;
–донесен е Закон за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри;
–донесен е Правилник за изменување на Правилникот за техничките, технолошките и просторните услови за приредување на игри на среќа и забавните игри и стручната оспособеност на лицата ангажирани во изведувањето на игри на среќа;
–донесен е Правилник за формата и содржината на образецот заради не издавање на дозвола, односно не донесување на решение за одбивање на барањето за добивање на дозвола;
–донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето заради недонесување на решение, односно не донесување на решение за одбивање на барањето за донесување на решение;
–донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за издадени, одземени и откажани лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и забавни игри;
–донесен е Правилник за формата и содржината на жигот за технички исправните автомати за игри на среќа;
–донесен е Правилник за начинот на евидентирање и одобрување на томболските картички;
–донесен е Правилник за формата и содржина на поканата за едукација, начинот на спроведувањето на едукацијата и начинот на водењето на евиденцијата за спроведената едукација;
–донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на евиденција за остварените добивки во играта на среќа кои поединечно го надминуваат износот од 10.000 денари и за нивните добитници;
–донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на нумерираниот регистар што го водат субјектите кои приредуваат игри на среќа во играчница (казино);
–донесен е Правилник за потребниот број на вработени, стручната квалификација и опремата за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;
–донесен е Правилник за начинот на водењето евиденција на издадените плочки за означување и регистрација и формата и содржината на плочката за означување и регистрација;
–донесен е Правилник за формата содржината на поканата за едукација и за начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација;
–донесена е Одлука за престанување на важење на Одлуката за определување на надоместокот за одобрение за приредување на забавни игри;

–донесена е Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување на почетната цена за плаќање на лиценците чиј број е ограничен за приредување на игри на среќа;
–донесена е Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување на цената за плаќање на лиценци за постојно приредување игри на среќа;
–донесена е Одлука за престанување и важење на Одлуката за утврдување на цената на одобрение за привремено приредување на игри на среќа;
–донесена е Одлука за престанување на важење на Одлуката за определување на висината на депозитот и начинот на користење на депозитот и начинот на користење на депозитот со кој се обезбедува исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа;
–донесен е Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Кралство Норвешка за одбегнување на двојно оданачување и заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход.

## 1.10.6. Финансиски систем

***Постигнати резултати:***

–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва;
–донесена е Одлука за Десетта емисија на обврзници за денационализација;
–донесен е нов Закон за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг;
–донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување ;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;
–донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководството за непрофитни организации;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Закон за платниот промет;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар;
–донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро;
–донесен е Закон за финансиски конгломерати;
–-донесен е Закон за вложување на Република Македонија во акционерскиот капитал на Европа Ре;

–донесен е Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација;
–донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на доставување на извештаите за бројот на склучените договори за кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци;
–донесен е Правилник за формата и содржината на годишната сметка;
–донесен е Правилник за изменување на Правилникот за посебните податоци, потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција;
–донесен е Правилник за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес;
–донесен е Правилник за образецот за финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања;
–донесен е Правилник за образецот на Извештајот за рекламен простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени, или се побаруваат по тој основ;
–донесено е упатство за изменување на Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата;
–донесен е Правилник за прилозите кон Барањето за добивање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг и Барањето за издавање на дозвола за статусни промени, начинот на нивното доставување и начинот и постапката за нивно оценување;
–донесен е Правилник за видот на документите за исполнување на условите за член на орган на управување со давател на финансиски лизинг;
–донесен е Правилник за формата и содржината на Образецот на извештаите за склучени договори за лизинг, за финансиските активности и за состојбата и изворите на средствата и начинот на нивно доставување;
–донесен е Правилник за содржината и формата на обрасците на барањето за добивање дозвола за основање и работа на финансиско друштво и дозвола за статусни промени;
–донесен е Правилник за видот на документите за исполнување на условите за член на орган на управување со финансиско друштво;
–донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на извештаите за финансиските активности и за состојбата и изворите на средствата;
–издадени се две дозволи за основање и работа на финансиско друштво;
– донесен е Правилник за дополнување на Правилникот за водење сметководство (објавен е меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти);
–донесен е Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот;
–донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на годишната сметка;

–донесен е Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план;
–донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за сметководството на непрофитните организации;
–донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
–донесен е Правилник за дополнување на Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници:
–донесен е Правилник за дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите корисници;
–донесен е Правилник за дополнување на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници;
–донесен е Правилник за дополнување на Правилникот за обликот и содржината на билансот на состојбата и билансот на приходите и расходите за буџетите и буџетските корисници;
–донесен е Правилник за изменување на Правилникот за посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција;
–донесен е Правилник за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на образецот за распределба на остварените приходи по дејности СПД-Рекапитулар;
–донесен е Правилник за формата и содржината на годишната сметка за осигурителни и реосигурителни друштва;
–донесена е Методологија за процена на вредноста на побарувањата и обврските;

### 1.10.7. Управување со јавен долг

***Постигнати резултати:***

–емисија на државните хартии од вредност со и без девизна клаузула;
–донесен е Закон за измена и дополнување на Законот за јавен долг;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните установи основани од Република Македонија и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
–одржана е Обука за постапката за задолжување и обврската за известување на општините;
–редовно ажурирање на WEB страната на Министерството за финансии во делот на Државни хартии од вредност и Јавни финансии - Јавен долг;
–координирање на процесот за обезбедување, како и објавување на кредитниот рејтинг на Република Македонија од страна на реномирани агенции за кредитен рејтинг;

–утврдување на Политика за управување со јавен долг за период 2012-2014, како дел од Фискалната стратегија на Министерството за финансии;
–изготвен е Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за јавниот долг за 2010 година;
–редовно се сервисирани обврските по внатрешниот и надворешниот долг на државата кои се плаќаат од Буџетот на Република Македонија;
–редовно е следена состојбата на јавниот долг и долгот на централната Влада;
–завршени се четирите фази од имплементацијата на софтверот за управување со јавниот долг;
–изработка на Квартален извештај за Q1 и Q3 од 2011 година;
–изработка на полугодишен извештај за јавниот долг за првото полугодие од 2011 година;

### 1.10.8. Усогласување со Европската унија и меѓународни финансии

***Постигнати резултати:***

–донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и АД МЕПСО;
–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај избрана Комерцијална банка по Договорот за заем, обезбеден со гаранција од Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка за вториот заем за развојни политики – ДПЛ 2 ;
–донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на претходните и подготвителните работи за Проектот “Луково поле и довод на Корабски води”, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка и АД ЕЛЕМ;
–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка по Договорот за заем за Проектот за осигурување од ризик од катастрофи;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на „Проектот за подобрување на искористување на водите од басенот на реката Злетовица“;
–донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на Проектот „Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол ЛОТ 3“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД Елем;
–донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот „Ветерен парк Богданци“, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ;
–донесен е Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија, со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“;

–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со Кредитна линија за претпазливост;
–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица;
–донесен е Закон за задолжување на Град Скопје кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот "Со нови концепти за ефикасен сообраќај кон почисто Скопје", без издавање на државна гаранција;
–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија со прв дел од заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица;
–донесен е Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија;
–донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – II фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот;
–донесен е Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот ХЕ Бошков мост, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и АД ЕЛЕМ;
–редовно беа подготвени документите кои произлегуваат како обврска од Оперативниот договор склучен помеѓу Вишиот програмски службеник на Министерството за финансии (СПО) и Програмскиот службеник за авторизација (ПАО) и Прирачникот за внатрешни постапки на СПО;
–изработена е нацрт верзија на интерните постапки за имплементација на ИПА проекти помеѓу СПО и корисниците од МФ;
–изработена е тендерската документација (проектна задача – ToP и твининг фише и другите документи од тендерското досие) за проектот на Министерството за финансии во рамки на ИПА 2009 година и истата е одобрена од ДЕУ;
–објавени се повици за доставување на понуди за Договорот за услуги и Договорот за твининг за проектот на Министерството за финансии во рамки на ИПА 2009 година;
–завршен е процесот на програмирање на ИПА компонента 1 за 2011 година – подготвен е проектот на Министерството за финансии во рамки на ИПА компонента 1 за 2011 година;
–редовно се координираат активностите на Министерството за финансии, поврзани со инструментот на Европската унија за техничка поддршка и размена на искуства TAIEX;
–редовно е следен статусот на реализација на мерките и активностите од НПАА 2011;
–координирани се активностите на Министерството за финансии поврзани со подготовката на придонесот кон Годишниот извештај на Европската комисија за

напредокот на Република Македонија за периодот од октомври 2010 година до април 2011 година;
–редовно, на неделна основа се подготвува интегриран извештај на ниво на Министерство за финансии за степенот на реализација на НПАА 2011 и согласно потребите се обезбедува активно учество на седниците на Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ) и на поткомитетите на РКЕИ;
–редовно се координирани активностите на Министерството за финансии, поврзани со подготовка на документите кои произлегуваат од процесот на европска интеграција.
–навремено се подготвувани документите кои произлегуваат како обврска од Оперативниот договор, склучен помеѓу Вишиот програмски службеник на Министерството за финансии (СПО) и Програмскиот службеник за авторизација (ПАО) и Прирачникот за внатрешни постапки на СПО;
–реализирани се планираните обврски од надлежност на ИПА Одделението околу спроведувањето на тендерската постапка за Договорот за услуги и Договорот за твининг во рамките на ИПА 2009 година;
–започната е подготовка на тендерската документација (проектна задача – ToP) за Проектот за натамошно усогласување со законодавството на Европската унија во областа на движење на капитал, плаќања и финансиски услуги – пазарот на хартии од вредност и инвестициски услуги во рамки на ИПА 2010 година;
–започната е подготовката на Формулар за идентификација на проектот (Project Identification Sheet) за секој од предлог проектите кои Министерството за финансии има интерес да ги имплементира во рамките на ИПА 2012-2013 година, компонента 1;
–редовно е следен статусот на реализација на мерките и активностите од НПАА 2011, кои се во надлежност на Министерството за финансии;
–редовно се координирани активностите на Министерството за финансии поврзани со подготовката на придонесот на Министерство за финансии кон Годишниот извештај на Европска комисија за напредокот на Република Македонија за периодот од мај 2011 година до август 2011 година;
–редовно се остварува координација на активностите на ниво Министерството за финансии, поврзани со процесот на европска интеграција;
–редовно се подготвува интегриран извештај на ниво на Министерство за финансии за степенот на реализација на НПАА и се учествува на седниците на Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ) и на поткомитетите на РКЕИ.

### 1.10.9. Царинска политика, систем и постапки

***Постигнати резултати:***

–донесени се два закона за изменување и дополнување на Царинскиот закон;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост;
–донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа;
–донесена е Уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон;

–донесен е Правилник за дополнување на правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето за остварување на правото за донесување на одобрение,решение или друг акт ;
–донесен е Правилник за формата и содржината на известувањето за недонесување на решение по поднесена жалба;
–донесен е Правилник за поблиските критериуми за застапување во царинските постапки и лиценци за вршење на застапување;
–донесен е Правилник за изменување на правилникот за поблиските критериуми зазастапување во царинските постапки и лиценци за вршење на застапување;
–донесена е Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2012 година;
–донесен е Правилник за начинот на водење на единствената евиденција на прекршоците,изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка;
–донесен е Правилник за висина на надоместоци за извршени услуги и почетната висина на закупнината на деловниот и рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај;
–донесен е Правилник за формата,содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници;
–донесен е Правилник за висината на надоместокот за закупнина и начинот на обезбедување на стан под закуп;
–донесен е Правилник за изменување на Правилникот за спроведување на законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост;
–донесен е Правилник за формата и содржината на барањето заради недонесување на одлука за уважување на барањето за преземање на царински дејствија, односно заради не донесување на одлука за одбивање на барањето за преземање на царински дејства

**<u>1.10.10. Јавна внатрешна финансиска контрола</u>**
***Постигнати резултати:***
–донесена е Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот на известување за неправилностите;
–подготвен е Нацрт - Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор;
–подготвена е Нацрт - Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија за периодот 2012 – 2014 година;
–усвоен Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2010 година ;
–од 23.02.2011 година започна реализацијата на Твининг проектот „Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку јакнење на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и на централно ниво“, кој ќе се спроведува до 23.02.2013 година. Во рамки на овој проект реализирани се следните активности: Обука за подигање на свеста на највисоките раководни лица во 40 општини во однос на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија,

реализирани се работни средби со 9 пилот институции за „Презентирање на системот за финансиско управување и контрола и негова имплементација“, Обука за развој на стратегија, Обука „Подготовка на обука за обучувачи“, Обука „Воспоставување на меѓуминистерско тело за внатрешна ревизија“, Обука „Ажурирање на прирачник за внатрешна ревизија“, Основна и напредна обука за обучувачи, Обука за подготовка на акциски планови, Почетна обука за внатрешни ревизори, Обука „Финансиското управување и контрола во пракса и управување со ризик“, Обука „Успешно раководење и остварувањето на поставените цели“, Обука „Финансиското управување и контрола во пракса“ (локално ниво), Управување со промени, Обука за централно и локално ниво, Напредна обука за внатрешна ревизија, Пилот ревизии и Обука за пишани процедури (дел 1).
–основани се Комитет за финансиско управување и контрола и Ревизорски комитет.

### 1.10.11. Управа за имотни правни работи

*Постигнати резултати:*

–донесен е Закон за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;
–Управните постапки за приватизација на градежно земјиште, за експропријација, како и проектите на Владата на Република Македонија за градежна експанзија се одвиваа во рамките на предвидените рокови.

### 1.10.12. Државен девизен инспекторат

*Постигнати резултати:*

–извршен е инспекциски надзор според техничкиот и кадровскиот капацитет на Инспекторатот и превземање на законски мерки;
–донесен е Закон за измени и дополнувања на Законот за девизна инспекција;
–донесена е Програма за работа на Државниот девизен инспекторат за 2011 година;
– изготвен е Акционен план за работа и вршење надзор во 2011 година;

### 1.10.13. Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите

*Постигнати резултати:*

–извршена е ревизија на процесот на Административно потврдување на тендерската документација во Секторот за Централно финансирање и склучување договори
–извршена е ревизија на процесот на одобрување и контрола на плаќањата во Агенцијата за финансиска поддршка во земјодлството и руралниот развој
–изготвени се процедури за работа на Одделението, согласно насоките и барањата од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
–изготвени се Анализи на ризици по процеси во ИПА структурите на Министерството за финанси, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
–изготвени се Стратешки и Годишен План за ревизија за ИПА Компонентите I-IV;
–изготвени се Стратешки и Годишен План за ревизија за ИПА Компонента V;

## 11 ПРОГРАМИ

### 1.11.1. Макроекономска политика

Оваа Програма предвидува подготовка на документи: Макроекономска политика во рамки на Фискалната стратегија; развојни документи сврзани со кандидатскиот статус на земјата (Претпристапна економска програма – ПЕП); подготовка на Годишен извештај, како и месечни и квартални економски информации; подготовка на Извештај на напредокот на Република Македонија, согласно извештајот Doing business на Светска банка.

Предвидено е, исто така, започнување на два проекти за субвенционирање на станбен кредит; воведување на Задолжница, како нов инструмент за плаќање; како и подготвување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници.

Програмата предвидува и извршување на активности: за проектирање на макроекономски индикатори, како и унапредување на базата на макроекономски податоци и зајакнување на капацитетите за макроекономското моделирање и проектирање; организација, координација на активностите околу подготовката и претседавање со осмиот состанок на Поткомитетот за економско – финансиски прашања и статистика.

Основни цели на оваа Програма се: одржлива макроекономска и развојна политика на краток и на среден рок, зајакнување на капацитетот за подготовка на квалитетни економски анализи, предлагање на економски реформи и оценка на економски и социјални ефекти од реформите.

### 1.11.2. Буџетска политика

Во рамките на оваа Програма се реализираат активности сврзани со дефинирањето на буџетската  политика, подготвувањето на Буџетот како одраз на владините политики за наредната фискална година, подготовка на буџетите на фондовите основани со Закон како дел од Буџетот на Република Македонија и следење на буџетите на единиците на локалната самоуправа, преку извештаите што општините ги испраќаат до Министерството за финансии. Исто така, во рамките на оваа Програма се дефинираат и основните насоки на фискалната и макроекономската политика, како и Стратегијата на јавен долг на среден рок како дел од среднорочната Фискална стратегијата, како и среднорочната Програма за јавни инвестиции, со Извештај за реализација на истата.

### 1.11.3. Трезорско работење

Оваа буџетска Програма ја вклучува реализацијата на основните функции на трезорското работење, односно извршувањето на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на единиците на локалната самоуправа, управувањето со ликвидноста,

водењето на буџетското сметководство, изготвувањето извештаи, следењето на наплатата на приходите, наплатата на ненамирените кредитни обврски и репласман на истите во насока на поддршка и финансирање на приватната иницијатива (Компензациски фондови и странска помош), наплатата на побарувања во насока на намалување на јавниот долг на државата, наплатата на побарувањата на државата и ефикасното функционирање на системите за управување и контрола со средствата од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА). Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности околу: внесување на барањата за плаќање доставени од буџетските корисници во трезорскиот систем со претходно извршена формална контрола на исправноста на истите. Се води евиденција на преземените обврски од страна на буџетските корисници преку внесување на обрасците за пријавување на преземените обврски на буџетските корисници, обезбедување на прегледи за промените и состојбата на сметките на буџетските корисници; се води евиденција за достасаните ненамирени обврски на буџетските корисници; се подготвуваат проекции на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи на трезорската сметка и другите сметки на државата и управување со нивната ликвидност.

Исто така, во рамките на оваа Програма се врши и организирање на банкарски сметки за средствата од ИПА, поднесувања на барања на ИПА средства од Европската Комисија, контрола, одобрување и авторизирање на трансферот на ИПА средствата до Оперативната структура и финансиско известување до ЕК, обезбедување на ефикасно функционирање на системот за управување и контрола на ИПА средствата, спречување, следење и справување со нерегуларности во текот на управувањето со финансиските средства од ЕУ-ИПА, управување со ризици, следење на ревизорски наоди со акциски планови за надминување на истите и сл.

### 1.11.4. Централно финансирање и склучување на договори

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности што се однесуваат на децентрализирано управување со фондовите на Европската унија, спроведување на регулативите и процедурите пропишани од Европската комисија за реализација на програмите и проектите финансирани со средства кои Европската унија и ги доделува на Република Македонија. Исто така, во рамките на оваа Програма се вршат активности поврзани со распишување на тендери, организирање и спроведување на тендерски постапки, подготовки и склучување на договори, вршење на плаќања кон контракторите со кои се склучени договорите, следење на спроведувањето на проектите, водење на сметководство за сите трансакции поврзани со проектите финансирани од ИПА Компопнентите I-IV, доставување на извештаи до Европската комисија поврзани со реализација на програмите финансирани од претпристапните фондови на Европската унија, како и контрола на воспоставениот систем во ресорните министерства кои се корисници на проекти финансирани од ИПА. Исполнувањето на оваа Програма се врши во континуирана соработка со сите ресорни министерства кои се корисници на проекти, како и во соработка со домашни и странски ревизорски служби.

### 1.11.5. Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности за уредување на даночниот систем и политиката на даноците во Република Македонија. Во врска со ова, се врши изготвување на регулативата од областа на директните и индиректните даноци и игрите на среќа, следење на регулативата во други држави и се вршат анализи и истражувања за реализацијата на даночните приходи.

### 1.11.6. Финансиски систем

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности за изготвување на регулатива од областа на банкарскиот систем и небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување и сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет, издавање на дозволи за работа на друштвата за финансиски лизинг, издавање на дозволи за основање и работа на финансиски друштва, усогласување и парафирање на Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и трети земји, согласно со приоритетите на Владата на РМ, како и изготвување мислења, анализи и информации од областа на финансискиот систем.

### 1.11.7. Управување со јавен долг

Во рамките на оваа Програма се создаваат услови и претпоставки за одржување на јавниот долг во рамките на утврдените таргети согласно политиката за управување со јавен долг за период 2012-2014 година утврдена во Фискалната стратегија на Министерството за финансии. Исто така, напорите се насочени и кон обезбедување позитивни структурни поместувања во насока на постепено намалување на јавниот долг со варијабилни каматни стапки кон долг со фиксни каматни стапки, постепено зголемување на долгот во домашна валута во однос на тој во странска валута, како и зголемување на долгот во евра во однос на долгот во други валути. Во рамките на оваа Програма, исто така, се прават напори за намалување на трошоците на јавниот долг на среден рок со оптимално ниво на ризик и активно управување со портфолиото, како и следење на потребите и обезбедување на средства за рефинансирање на должничкото портфолио, натамошен развој на примарниот и секундарниот пазар на државни хартии од вредност. Истовремено, ќе се продолжи со стимулирање на побарувачката на домашни хартии од вредност, креирање на регистар за јавен долг, креирање на подзаконски акти, спроведување на донесената среднорочна политика за управување со јавниот долг и годишно ажурирање на истата, како и редовно сервисирање на обврските по основ на јавниот долг и ажурирање на евиденцијата на јавниот долг;

### 1.11.8. Усогласување со Европската унија и меѓународни финансии

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности за усогласување со Европската унија и меѓународни финансии што се однесуваат на хармонизација на законите што се во надлежност на Министерството за финансии со законодавството на

Европската унија; ИПА планирање на приоритети и потреби кои произлегуваат од НПАА; програмирање на првата компонента од ИПА инструментот во делокругот на Министерството за финансии; подготовка на проекти и тендерска документација; техничка имплементација на проектите на Министерството за финансии кои ќе се финансираат со ИПА фондови; мониторинг - следење и известување за извршувањето на проектите финансирани со ИПА и евалуација на ИПА програми; соработка со меѓународни финансиски институции, како Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Европската инвестициона банка, Европската банка за обнова и развој, Банката за развој при Советот на Европа; соработка со билатерални кредитори (КфВ, ЈИЦА, ЈБИЦ) и други мултилатерални кредитори. Соработката со меѓународните финансиски институции се одвива преку формулирање и имплементирање на среднорочните стратегии за официјална развојна соработка, како и следење на имплементацијата на проектите кои се реализираат со меѓународни договори.

### 1.11.9. Царинска политика, систем и постапки

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности за уредување на царинскиот систем и учество во креирање на царинската политика на царините во Република Македонија. Во врска со ова, се врши изготвување на регулативата од областа на царинскиот систем, следење на регулативата во други држави и се вршат анализи и истражувања за реализацијата на царинските приходи.

### 1.11.10. Јавна внатрешна финансиска контрола

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности за имплементација на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, изготвување на подзаконските акти во оваа област и развој на јавната внатрешна финансиска контрола. Основни цели на јавната внатрешна финансиска контрола се: успешна имплементација на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и утврдување правна рамка за јавна внатрешна финансиска контрола (PIFC). Основни цели на Програмата се: одржувањето на долгорочниот фискален интегритет на јавниот сектор во Република Македонија; намалување на случаите на злоупотреба и корупција и зајакнување на системот на јавната внатрешна финансиска контрола преку развој на стабилно финансиско управување, независна внатрешна ревизија и зголемување на капацитетите на единицата за централна хармонизација во Министерството за финансии.

### 1.11.11. Управа за имотно-правни работи

Во рамки на оваа Програма се извршуваат активности за управување со административните процедури, согласно со постојната законска регулатива во Република Македонија во областа на имотно - правните работи и активности за спроведување на управната постапка за реализација на законите од областа на имотно-правните односи. Основна цел на Управата за имотно правни работи е: да ги согледува и уредува имотно-правните односи со предлагање на законски прописи и подзаконски акти, кога една од страните е државата (експропријација, приватизација на градежно земјиште); да биде советодавен орган на Владата на Република Македонија, кога се во

прашање сопственичките и другите имотно - правни односи, а се предмет на интерес на Владата и другите државни органи и меѓу Владата и единиците на локалната самоуправа; непосредно да ги извршува законите и да ја следи реализацијата на законите од областа на имотно-правните односи.

**<u>1.11.12. Државен девизен инспекторат</u>**

Државниот девизен инспекторат врши непосреден инспекциски надзор на девизното работење над резиденти и нерезиденти во следните домени: извоз и увоз на стоки и услуги со странство; платен промет со странство; вложувања на нерезиденти во земјата; вложувања на резиденти во странство; вложувања во недвижности; услуги за брз трансфер на пари, изведување инвестициони работи во странство и отстапување на инвестициски работи на странско лице; меѓународен транспорт на стока и патници; работи со хартии од вредност; кредитни работи со странство; плаќања и трансвери по тековни и капитални трансакции; менувачкото работење и работење на финансиски посредници, без дозвола од Народна банка на Република Македонија; нерезидентни сметки (депозитни работи).

Согласно законските овластувања, Државниот девизен инспекторат поведува и води прекршочна постапка.

Основни цели на Државниот девизен инспекторат се: утврдување на правилна примена на законските прописи од областа на работата на Државниот девизен инспекторат, преземање законски мерки по утврдени неправилности, давање иницијативи за донесување на законски прописи и изготвување на законски и подзаконски акти.

**<u>1.11.13. Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите</u>**

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности со цел да се осигури дека системите за управување и контрола во органите на управување и оперативните структури во Министерството за финансии и во останатите имплементатори и корисници на ЕУ - ИПА фондовите во Република Македонија, обезбедуваат ефикасно користење на средствата од инструментот за предпристапна помош на ЕУ – ИПА.

## ПОСТАПКИ ЗА ВРШЕЊЕ КОНСУЛТАЦИИ

Во остварувањето на своите активности и извршувањето на задачите Министерството за финансии тесно соработува со: корисниците и единките корисници на средства од Буџетот; единиците на локалната самоуправа; Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија; Секторот за евроинтеграции при Владата на Република Македонија; банкарскиот сектор; Народната банка на Република Македонија; Државниот завод за статистика; Сојузот на стопански комори на Македонија; Македонската берза; Централниот депозитар на хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Фондот за осигурување на депозити, Централниот регистар, Националното биро за осигурување, Државниот завод за геодетски работи, институции од науката; јавните обвинителства;

судовите; Комисијата за спречување на корупцијата; бизнис секторот (одделни деловни субјекти, компании, економски здруженија и сл.); мултилатерални и билатерални финансиски и други институции и организации (ММФ, Светската банка, Банката за развој при Советот на Европа, СР Германија ГТЗ и KfW, УСАИД, Шведска – СИДА, Јапонија – ЏАЈКА, Европската банка за обнова и развој, агенции на ООН (УНДП, ФАО и други), Европската инвестициона банка, Европската комисија, Делегацијата на Европската Комисија и други меѓународни субјекти и синдикати.

## РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ

### Развивање политики

Во Министерството за финансии еден државен советник е задолжен за прашања што се однесуваат на дефинирањето на стратешкото планирање и инвестициите како и за следење на нивната реализација. Покрај ова, во Министерството за финансии, согласно со организациската поставеност, непосредно сврзано со државниот секретар ќе се формира самостојно Одделение за стратешко планирање.

### Стратешко планирање/подготвување на Буџетот

Во организационите единици на Министерството за финансии посебно лице се задолжува за подготовка на стратешкиот план на таа организациона единица.

### Извршување на Буџетот

Во Министерството за финансии, согласно организациската поставеност, покрај Секторот за правни и административни работи, кој помеѓу другото е одговорен и за јавните набавки на Министерството, формиран е посебен Сектор за сметководствено-финансиски работи, кој е одговорен за планирање и извршување на Буџетот на Министерството за финансии.

### Управување со средства

Во Министерството за финансии, во Секторот за раководење и управување со средства постои Одделение за управувањето со средства, кое е одговорно за регуларноста и следењето на управувањето со средствата.

### Управување со човечки ресурси

Во Министерството за финансии, непосредно сврзано со државниот секретар постои самостојно Одделение за управување со човечки ресурси.

### Управување со информациските технологии

Во Министерството за финансии постои посебен Сектор за информатика, со посебни одделенија за системска и мрежна администрација и за софтверски развој и поддршка. Секторот континуирано кадровски и технички се надградува и обезбедува усовршување и мрежно поврзување во рамките на Министерството и помеѓу Министерството и корисниците на средства од буџетот и трезорот.

### Внатрешна ревизија

Во Министерството за финансии, согласно со организациската поставеност на работите и работните задачи непосредно врзано со министерот, постои самостојно Одделение за внатрешна ревизија кое ја врши функцијата на внатрешна ревизија. Оваа функција во Министерството ќе се зајакнува со материјални и човечки ресурси.

Внатрешна ревизија на ЕУ – ИПА фондови

Во Министерството за финансии постои и Одделение за внатрешна ревизија на ЕУ – ИПА фондовите кое врши  работи и задачи кои се однесуваат на: планирање, организирање и спроведување на внатрешна ревизија на ЕУ - ИПА фондовите (компоненти I – V) во органите на управување и оперативните структури во Министерството за финансии и во останатите имплементатори и корисници на ЕУ - ИПА фондовите во Република Македонија и е непосредно сврзано со Министерот за финансии.

# 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

# МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

## 2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Макроекономска политика произлегува од:<br>**1. Стратешките приоритети на Владата на РМ содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година :** - зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење;<br>- интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет; |
| **2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)<br>2 Економски критериуми<br>Поглавје: 3.17 – Економска и монетарна унија<br>Подрачје: 1 Монетарна политика<br>Подрачје 2 Економска политика |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**<br>***Приоритет:*** обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата;<br>***Цели***: оддржување на макроекономска стабилност и стабилност на курсот на денарот; спроведување на фискални политики во функција на поддршка на економскиот раст, постигнување на позитивни стапки на економскиот раст, подобрување на бизнис климата, зголемување на странските и домашните инвестиции. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Макроекономска политика на Република Македонија | **Цел на Програмата:** Креирање на конзистентни макроекономски политики врз основа на анализи и проекции за среднорочни економски индикатори и анализирање на нивното извршување |
| **Показатели за успех на Програмата:** Создадавање на услови и претпоставки за обезбедување просечен годишен раст на БДП од околу 5,5%, стапка на инфлација од околу 3% за периодот 2012-2014, согласно Фискалната стратегија 2012-2014.<br>Подготовување на квалитетни анализи во рамки на месечни, квартални и годишни економски извештаи и повеќегодишни развојни документи.<br>Конзистентни и објективни проекции на основните макроекономски варијабли. | |

| | |
|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x" хоризонтална " вертикална | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Макроекономска политика на Република Македонија | |
| **Резултат 1:** Креирање макроекономска и развојна политика која ќе придонесе за остварување на стратешките приоритети на Република Македонија | **Показател за успешност:** Подготовка и усвојување на макроекономската политика во рамките на Фискалната стратегија, месечни, квартални и годишни економски извештаи и повеќегодишни развојни документи |
| **Резултат 2:** Развој на макроекономско моделирање и проектирање | **Показател за успешност:** Подобар квалитет и прецизност на макроекономските проекции |

# БУЏЕТСКА ПОЛИТИКА

## 2.2. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Буџетска политика произлегува од:<br>**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година** - зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење, |
| 2. НПАА<br>Поглавје: Финансиски и буџетски одредби |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**<br>***Приоритети:*** обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата; одржување на нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор; заокружување на нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор; заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на фискалниот капацитет на единиците на локалната самоуправа; јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови.<br>***Цели***: одржување на макроекономска стабилност и стабилност на курсот на денарот; спроведување на фискални политики во функција на поддршка на економскиот раст, постигнување на позитивни стапки на економскиот раст, зголемување на странските и домашни инвестиции, инвестирање во изградбата на инфраструктурни објекти, одржување на умерено ниво на буџетски дефицит. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Буџетска политика | **Цел на Програмата:** Утврдување на буџетската политика и подготовка на Буџетот на РМ, кој ќе биде одраз на владината политика и основ за буџетите на фондовите основани со Закон. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Донесен Буџетот на РМ за наредната година и негова имплементација во рамки на утврдените пропорции | |

| | |
|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x" хоризонтална " вертикална | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Буџетска политика | |
| **Резултат1:** Креирање на фискална политика | **Показател за успешност:** Изготвување на Фискалната стратегија за нареден среднорочен период |
| **Резултат2:** Креирање на буџетска политика | **Показател за успешност:** Изготвување на Буџетот на РМ и другите акти за наредната година |
| **Резултат3:** Вклучување на стратешките планови на буџетските корисници во Буџетот на РМ | **Показател за успешност:** Постигнување усогласеност на стратешките планови со Буџетот на РМ |
| **Резултат4:** Унапредување на буџетски процес и спроведување на буџетски реформи | **Показател за успешност:** Подготвување на организациона и програмска класификација; |
| **Резултат5:** Финализирање на втората фаза на децентрализација | **Показател за успешност:** Исполнување на услови за вклучување на сите општини во втората фаза на фискалната децентрализација |
| **Резултат6:** Унапредување на моделот на финансирање на единиците на локалната самоуправа | **Показател за успешност:** Обезбедување на законска основа за етапно зголемување на приходите од ДДВ и поголема автономија за наплата на локалните даноци и управување со истите. |
| **Резултат7:** Креирање на политика за јавни инвестиции и анализа на нивното извршување | **Показател за успешност:** Поттикнување на домашните инвестиции, привлекување на странски инвестиции и зголемување на нивото на јавните инвестиции во функција на побрз економски развој на земјата. |

| | |
|---|---|
| **Резултат8:** Креирање на стратешка политика на Министерството за финансии | **Показател за успешност:** Јакнење на интегралниот систем на планирањето и буџетирањето, како и одразување на целите и задачите на МФ за период од три години. |
| **Резултат9:** Тековно следење на капиталните расходи во буџетот на РМ по буџетски корисници | **Показател за успешност:** Постигнување на повисок степен на реализација на капиталните расходи во Буџетот на РМ |

# ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ

## 2.3. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Трезорско работење произлегува од:

**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година** - зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење; интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет.

**2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

**Политички критериуми - Демократија и владеење на правото -** ***Јавна администрација*** - Да се обезбеди соодветен капацитет за ефикасно програмирање и управување со средствата од ИПА.
**Способност за преземање на обврските од членството -** ***Поглавје 22: Регионална политика и координација на структурни инструменти*** - Да се зајакне воспоставувањето на институционалните структури и да се зајакне административниот капацитет во деловите на програмирање, подготовка на проекти, следење, оценување и финансиско управување и контрола, особено на ниво на ресорните министерства, за спроведување на пред пристапните програми на ЕУ, како подготовка за спроведување на кохезионата политика на Заедницата.
*НПАА:*
Поглавје: 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти
3.22.2 Институционална рамка – Ц2:Функционирање на ДИС во Република Македонија, во согласност со правилата на Европската комисија и со Прирачникот за внатрешните постапки за работа и Упатството за спроведување на програмите
3.22.3 Административен капацитет- Ц2- Да се зајакне административниот капацитет во подрачјата на програмирање, подготовка на проекти, следење, оценување и финансиско управување и контрола, за спроведување на пред-пристапните програми на ЕУ, како подготовка за спроведување на кохезионата политика на заедницата. Ц4- Воспоставување на Менаџмент информативен систем/сметководствен систем

**3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**

***Приоритети:*** Обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата; Оддржување на нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор; Заокружување на нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор; Заокружување на процесот на децентрализација и јакнење на фискалниот капацитети на единиците на локалната самоуправа; Јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови и Постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство и законодавството на ЕУ.

***Цели***: одржување на макроекономска стабилност и стабилност на курсот на денарот; спроведување на фискални политики во функција на поддршка на економскиот раст, постигнување на позитивни стапки на економскиот раст, подобрување на бизнис климата, одржување на умерено ниво на буџетски дефицит; зајакнато управување со ликвидноста на средствата на краток и среден рок.

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Трезорско работење | **Цел на Програмата:** Непречено, навремено и наменско извршување на расходите и наплата на јавните и другите приходи на Буџетот на РМ и буџетите на единиците на локалната самоуправа, како и нивно правилно евидентирање, согласно со усвоените буџети за фискалната година, наплата на ненамирени кредитни обврски и нов репласман на истите, наплата на побарувања на државата и ефективно и ефикасно управување со пред пристапните фондови од Европската унија и националното кофинансирање, согласно со националното и законодавството на ЕУ. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Обезбедување показатели за реализирани расходи и остварени приходи, согласно со буџетската класификација (функционална, организациска и економска класификација) во фискалната година, добивање на акредитација од Европската унија за децентрализирано управување со средствата од пред пристапната помош од ЕУ и доставување на Барања за плаќања до Европската комисија за финансирање по компонента. | |

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата)    X" хоризонтална    " вертикална

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Трезорско работење | |
|---|---|
| **Резултат1:** Непречено извршување на расходите и наплата на приходите на буџетските корисници и единки корисници. | **Показател за успешност:** Непречено и навремено, наменско извршување на плаќањата на буџетските корисници, согласно со процедурите за трезорско работење. |

| | |
|---|---|
| **Резултат2:** Извршување на буџетите, согласно со законските прописи. | **Показател за успешност:** Остварување на одобрените лимити за фискалната година. |
| **Резултат3:** Обезбедување на податоци за извештаи за извршување на буџетите. | **Показател за успешност:** Изготвување на извештаи за информирање на извршувањето на буџетите, согласно со Закон (Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет за 2011 година, Полугодишен извештај за извршување на буџетот на РМ, Полугодишен извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот Буџет). |
| **Резултат4:** Преземање активности за наплата на неисплатени кредити од должници по основ на странска помош. | **Показател за успешност:** Зголемување на приходите по овој основ и создавање на можност за нови распределби на кредити. |
| **Резултат5:** Следење на тековната состојба со одобрените кредити. | **Показател за успешност:** Изготвување на извештаи за информирање за придржување на обврските на должниците кон склучените договори за странска помош. |
| **Резултат6:** По Одлука на Комисијата за менаџмент со Компензациските фондови, организирање и административно техничка поддршка за евентуална нова распределба на средства. | **Показател за успешност:** Склучување на договори за нова распределба на одобрени кредити. |
| **Резултат7:** Подобрување на успешноста на наплата на побарувања од пласирани кредити. | **Показател за успешност:** Наплатување на средства/вкупно достасани побарувања и зголемување на степенот на расчистување на портофолиото. |
| **Резултат8:** Вреднување на побарувања согласно со меѓународни сметководствени стандарди. | **Показател за успешност:** Отпишување на застарените побарувања и добивање на реална слика за побарувањата со што ќе се расчистат и портофолијата. |
| **Резултат9:** Преземање активности за спроведување на Законот за изменување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, во делот на укинувањето на Агенцијата за развој и инвестиции и преземање на дел од надлежностите на Агенцијата кои се однесуваат на наплата на побарувања. | **Показател за успешност:** Вклучување на портфолиото на побарувања од Агенцијата за развој и инвестиции во рамките на Министерството за финансии. |

| | |
|---|---|
| **Резултат 10:** Имплементација на оперативните програми за користење на средствата од инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА) и добивање на акредитација од страна на ЕК. | **Показател за успешност:** Добивање на одлуки за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од пред пристапната помош од ЕУ, доставувања на барања за финансирање до Европска комисија, зголемување на степенот на искористеност на ИПА средствата и доставување на изјави за гаранција за ефективно функционирање на системот без резервираност. |

# ЦЕНТРАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ И СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

## 2.4. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Централно финансирање и склучување на договори произлегува од:<br>**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година**– Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет. |
| **2.НПАА**<br>**Политички критериуми - Демократија и владеење на правото -** ***Јавна администрација*** - Да се обезбеди соодветен капацитет за ефикасно програмирање и управување со средствата од ИПА.<br>**Способност за преземање на обврските од членството -** ***Поглавје 22: Регионална политика и координација на структурни инструменти*** - Да се зајакне капацитетот на институционалните структури во деловите на програмирање, подготовка на проекти, следење, оценување и финансиско управување и контрола, особено на ниво на ресорните министерства, за спроведување на пред пристапните програми на ЕУ, како подготовка за спроведување на структурните инструменти на Европската Унија и нејзината регионална и кохезиона политика.<br>*НПАА:*<br>Поглавје: 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти<br>Подрачје: 3.22.1 Законодавна рамка; 3.22.2 Институционална рамка; 3.22.3 Административен капацитет; 3.22.4 Програмирање; 3.22.5 Следење и проценување; 3.22.6 Финансиско управување и контрола |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**<br>***Приоритет:*** јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови.<br>***Цели*:** финансиско управување со средствата од ИПА; висок процент на искористеност на средствата од ИПА алоцирани за секоја ИПА компонента; воспоставување и одржување на Менаџмент информационен систем (МИС) за имплементација на проектите во рамките на ИПА компонента I-IV и на Софтверот за финансии и сметководство во рамките на Петтата компонента од ИПА; пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од Втората компонента од ИПА и за целосно децентрализирано управување за останатите мерки од ИПАРД програмата. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:**<br>Централно финансирање и склучување на договори | **Цел на Програмата:** Подготовка на државната администрација за правилно и ефикасно користење на Структурните и Кохезионите фондови при стекнување на статус на Република Македонија на земја - членка на Европската Унија. |

| |
|---|
| **Показатели за успех на Програмата:** Висок процент на искористеност на ИПА средствата, односно висок процент на склучени договори за проектите финансирани од ИПА, како и правилно и навремено спроведување на проектите финансирани од ИПА Компонента I, III и IV во согласност со правилата на ЕУ. |

| |
|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x" хоризонтална " вертикална |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Централно финансирање и склучување на договори | |
| **Резултат 1:** Ефикасно функционирање на Оперативните структури за ИПА Компонента I, III и IV, како дел од воспоставениот систем за децентрализирано управување во Република Македонија во согласност со критериумите за акредитација на Европската комисија и во согласност со воспоставената правна и институционална рамка со која се регулираат правилата и постапките на ИПА помошта. | **Показател за успешност:** Добиени позитивни извештаи од Ревизорското тело и од извршени внатрешни ревизии на одделни работни процеси во ЦФЦД согласно Годишниот план за внатрешна ревизија, и<br>Постигната ниска стапка на неправилности во спроведување на постапките и проектите **.** |
| **Резултат 2:** Ревидирана Оперативна програма за регионален развој програмскиот период 2012-2013. | **Показател за успешност:** Оперативна Програма за регионален развој со вклучени финансиски алокации за 2012-2013, одобрена од Владата на Република Македонија и од Европската комисија . |
| **Резултат 3:** Ревидирана Оперативната програма за Развој на човечки ресурси за програмскиот период 2012-2013. | **Показател за успешност:** Оперативна Програма за развој на човечки ресурси со вклучени финансиски алокации за 2012-2013, одобрена од Владата на Република Македонија и од Европската комисија. |

| | |
|---|---|
| **Резултат 4:** Националните/Оперативните програми финансирани од ИПА Компоненти I, III и IV спроведени во временска рамка утврдена со Плановите за набавки усогласени помеѓу ЦФЦД и релевантните служби на Европската Комисија, | **Показател за успешност:**<br>- Тренд на намалување на стапката на одбивање на тендерски документи од страна на Делегацијата на Европска Унија при врше на „ex-ante“ контролата;<br>- Број на склучени договори во однос на планираните во усвоените Проектни фишеа/Обрасци за идентификување на операции со динамика утврдена во плановите за набавки;<br>- Висока стапка на исплатени средства по склучените договори, во износ потребен да се избегне ризикот од губење алоцирани ИПА средства заради “n+3” правилото за користење на средствата од ИПА Компонента III и IV, како и “n+2+2+1” правилото за користење на средствата од ИПА Компонента I, |

# 2.5. УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, ТАКСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПРИХОДИ

## 2.5 А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата за Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи произлегува од:

**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за утврдување стратешки приоритети во 2012 година:**- Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење, интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет, продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото.

**2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

Поглавје: 3.16 Одданочување

Приоритет:П1 и П2

Подрачје: П1 и П2

**3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**

***Приоритети:*** обезбедување на одржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата; постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство и законодавството на ЕУ, силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на поголеми структури во функција на владеењето на правото.

***Цели***: постигнување на позитивни стапки на економски раст, подобрување на бизнис климата, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, обезбедување на рационално и наменско користење и динамичка усогласеност на изворните приходи.

| **Назив на Програмата:** Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи | **Цел на Програмата:** Уредување на законодавството од областа на даночната политика |
| --- | --- |
| **Показатели за успех на Програмата:** Навремено донесување на предвидените закони и подзаконските акти во функција на модернизирање на даночните основи, поедноставување на даночниот систем и усогласување на нашето законодавство со законодавството на ЕУ во овие домени. | |

| | |
| --- | --- |
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x" хоризонтална " вертикална | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Утврдување и наплата на даноци, такси и други јавни приходи | |
| **Резултат 1:** Хармонизација на прописите со директивите на ЕУ кај директните даноци | **Показател за успешност:** Навремено се донесени прописите што значат усогласување со директивите на ЕУ |
| **Резултат 2:** Хармонизација на прописите со директивите на ЕУ кај индиректните даноци | **Показател за успешност:** Навремено се донесени прописите што значат усогласување со директивите на ЕУ |
| **Резултат 3:** Склучување на нови Договори за одбегнување на двојното оданочување | **Показател за успешност:** Навремено се склучени предвидените договори и отпочнување со нивното спроведување |
| **Резултат 4:** Други закони и акти поврзани со даночните системи | **Показател за успешност:** Навремено се донесени прописите што значат усогласување со директивите на ЕУ |

# ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ

## 2.6. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Финансиски систем произлегува од:

1. **Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за утврдување стратешки приоритети во 2012 година** – Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење. ,

**2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)
Поглавје 3: Права на основање и слобода на давање на услуги
Поглавје: 4 Слободно движење на капитал
Подрачја: Движење на капитал и исплата и Системи на исплата
Поглавје 6: Право на трговски друштва
Подрачје: Сметководство и ревизија
Поглавје: 9 Финансиски услуги
Подрачја: Банкарство и финансиски конгломерати; Инфраструктура на финансискиот пазар; Пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги; и Осигурување и надомест од професионална пензиска шема;
Поглавје 30: Надворешни односи
Подрачје: Билатерални договори со трети земји

**3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**
***Приоритет:*** постугнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Финансиски систем | **Цел на Програмата:** Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарскиот систем и не банкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување и сметководствениот систем, ревизијата и платниот промет со законодавството на ЕУ, усогласување и парафирање на договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и трети земји, согласно со приоритетите на Владата на РМ и создавање услови за ефикасно функционирање на финансиското работење. |

**Показатели за успех на Програмата:** Обезбедено е ефикасно функционирање на финансискиот систем и системот на осигурување

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) X" хоризонтална " вертикална

**Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Финансиски систем

| | |
|---|---|
| **Резултат1:** Хармонизирање на правната рамка со регулативата на ЕУ. | **Показател за успешност:** Усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија. |
| **Резултат2:** Спроведување на законска регулатива од областа на финансискиот лизинг. | **Показател за успешност:** Издавање на лиценци за работа на друштва за финансиски лизинг и спроведување на контроли врз нивното работење. |
| **Резултат3:** Спроведување на законска регулатива од областа на небанкарски финансиски институции. | **Показател за успешност:** Издавање на дозволи и согласности за работење на финансиските друштва и спроведување на контроли врз нивното работење. |
| **Резултат4:** Водење постапки за усогласување и парафирање на Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и останатите држави. | **Показател за успешност:** Зголемени странски инвестиции во државата. |

# УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВЕН ДОЛГ

## 2.7. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Усогласување со ЕУ и меѓународни финансии произлегува од:<br>**1. Стратешките приоритети на Владата на РМ содржани во Одлуката за стратешки приоритети во 2012 година -** зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење; интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет. |
| **2.НПАА**<br>Економски критериуми<br>Поглавје: 3.17 |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**<br>***Приоритет:*** Одржување на нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор<br>***Цел:*** Управување со јавен долг преку минимизирање на трошоците |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Управување со јавен долг | **Цел на Програмата:** Создавање на услови и претпоставки за одржување на јавниот долг на претходно утврдените рамки, обезбедувања на позитивни структурни поместувања, намалувања на трошоците на јавниот долг на среден рок, следење на потребите и обезбедени се средства за рефинансирање на долгот |
| **Показатели за успех на Програмата:** Одржано е нивото на умерено зголемување на задолженост на јавниот сектор, зголемено учеството на долгот со фиксни каматни стапки, во домашна валута или во евра, обезбедена е транспарентност на резултатите од тргување на шалтер | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) | x" хоризонтална | " вертикална |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:** Управување со јавен долг со цел обезбедување на потребите на државата со најнизок можен трошок, на среден и долг рок, со одржливо ниво на ризик, и преземање на мерки и активности заради развој и одржување на ефикасни домашни финансиски пазари како и ефикасно спроведување на стратегијата за управување со јавен долг. | |
| **Резултат 1:** Развој на пазарот на државни хартии од вредност. | **Показател за успешност:** Реализирање на аукциите согласно Календарот за емисија на државни хартии од вредност. |
| **Резултат 2:** Креирање на политика за управување со јавниот долг. | **Показател за успешност:** Утврдување на политиката за управување со јавен долг за период 2012-2014 година, согласно Фискалната стратегија и изготвување на извештаи за јавниот долг преку кои ќе се следи остварувањето на поставените таргети. |
| **Резултат 3:** Процес на задолжувања на носителите на јавен долг. | **Показател за успешност:** Донесен е Закон за измена и дополнување на Законот за јавен долг, Правилник за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните установи основани од Република Македонија и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје і Правилник за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. |

| | |
|---|---|
| **Резултат 4:** Процес на обезбедување на оценки за кредитниот рејтинг на Република Македонија | **Показател за успешност:** Обезбедени се оценки за кредитниот рејтинг на Република Македонија |
| **Резултат 5:** Креирање на регистар на јавен долг | **Показател за успешност:** Креирана е единствена база на податоци за јавниот долг во рамки на информацискиот систем за управување со јавен долг |

# УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЕУ И МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ

## 2.8. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Усогласување со ЕУ и меѓународни финансии произлегува од:<br>**1. Стратешките приоритети на Владата на РМ содржани во Одлуката за стратешки приоритети во 2012 година –**Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење; и Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет. |
| **2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА) |
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**<br>***Приоритети:*** Постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ, Јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Усогласување со ЕУ и меѓународни финансии | **Цел на Програмата:** Успешно следење на степенот на реализација на мерките и активностите од НПАА, кои се во надлежност на Министерството за финансии, координирање на активностите поврзани со подготовката на документите поврзани со процесот на европската интеграција како и координација на активности поврзани со процесот на приближување кон структурите и стандардите на ЕУ, законито и правилно спроведување на ИПА проектите на МФ преку ДИС, обезбедување на ефикасно и ефективно функционирање на системот за внатрешна контрола и децентрализирано управување со ИПА, развивање и насочување на соработката со меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори кон остварување на стратешките приоритети на Владата на РМ. |

**Показатели за успех на Програмата:** Зголемен е економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, постигната повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење и интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет, подобрена е бизнис климата и креирани се еднакви можности за економски раст и развој на сите учесници во економските процеси; зголемени се странските и домашните инвестиции; зајакнати административни капацитети за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови на ЕУ и зајакнати капацитетите за спроведување на европското законодавство, согласно приоритетите утврдени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА).

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) **x"** хоризонтална " вертикална

**Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Усогласување со ЕУ и меѓународни финансии

| | |
|---|---|
| **Резултат1:** Успешна координација на активностите поврзани со исполнување на обврските кои произлегуваат за Министерството за финансии од процесот на европска интеграција на Република Македонија. | **Показател за успешност:** Навремено се превземени сите планирани активности во НПАА и други документи поврзани со процесот на европска интеграција, што доведува до успешна координација на сите активности за кои е надлежно Министерството за финансии. |
| **Резултат2:** Законито и правилно спроведување на проектите на Министерството за финансии финансирани од ИПА преку децентрализираниот систем за управување (ДИС). | **Показател за успешност:** Подготвени се и спроведени ИПА проектите на Министерството за финансии, согласно со усвоените внатрешни процедури и планот за имплементација на проектите. |
| **Резултат3:** Соработка со меѓународните финансиски институции, билатерални кредитори и други мултилатерални договори за финансирање на проектите со кои се реализираат приоритетните цели. | **Показател за успешност:** Донесени се закони за задолжување или гаранција и склучување на предвидените аранжмани, договори, спогодби и слично, со цел отпочнување со спроведување на планираните проекти. |

# ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА, СИСТЕМ И ПОСТАПКА

## 2.9. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата на Секторот за царинска политика, систем и постапка произлегува од :

**1.Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година –** зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење.

НПАА

Поглавје: Цариска унија

**3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**

***Приоритети:*** обезбедување на оддржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата; постигнување на повисок степен на усогласеност на националното законодавство и законодавството на ЕУ, силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на владеењето на правото.

***Цели:*** постигнување на позитивни стапки на економски раст; подобрување на бизнис климата, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи; обезбедување на рационално и наменско користење и динамичка усогласеност на изворните приходи.

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Царинска политика, систем и постапка | **Цел на Програмата:** Уредување на законодавството од обласа на царинската политика |

**Показатели за успех на Програмата:** Навремено донесување на предвидените закони и подзаконски акти во функција на модернизирање на царинските основи, поедноставување на царинскиот систем и усогасување на нашето законодавство со законодавство на ЕУ во доменот на царинскиот систем.

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x" хоризонтална " вертикална

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Царинска политика, систем и постапка | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Уредба за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура | **Показател за успешност:** Целосно усогласување на царинското законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската унија |
| **Резултат 2:** Подготовка на Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2013 година. | **Показател за успешност:** Целосно имплементирање превземените меѓународни обврски од Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација и Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската заедница |
| **Резултат 3:** Подготовка на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа | **Показател за успешност:** Целосно усогласување на царинското законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската унија |
| **Резултат 4:** Подготовка на Предлог закон за измена и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост | **Показател за успешност:** Целосно усогласување на царинското законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската унија |
| **Резултат 5:** Подготовка на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост | **Показател за успешност:** Целосно усогласување на царинското законодавство на Република Македонија со законодавството на Европската унија |

# ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

## 2.10. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Јавна внатрешна финансиска контрола произлегува од:

**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година** - Интеграција во НАТО и ЕУ врз основа на сите реформи и критериуми ни решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет и продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото.

**2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

Поглавје: 32. Финансиска контрола

**3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**

***Приоритет:*** силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на на поголеми структури во функција на владееењето на правото.

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Јавна внатрешна финансиска контрола | **Цел на Програмата:** Одржување на долгорочниот фискален интегритет на јавниот сектор, намалување на случаите на неправилности, злоупотреба и корупција и зајакнување и развој на системот на јавната внатрешна контрола. |

**Показатели за успех на Програмата:** зголемен број на основани единици за внатрешна ревизија на централно и локално ниво, зголемен број на внатрешни ревизори, зголемен број на препораки на внатрешна ревизија, зголемен процент на спроведени препораки на внатрешната ревизија, зголемен број на основани единици за финансиски прашања, зголемен број на назначени раководители на единици за финансиски прашања, кадровско екипирање на истите и зголемен број на назначени лица кои известуваат за неправилности, сомнежи за измама, или корупција .

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) **x"** хоризонтална " вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата : Јавна внатрешна финансиска контрола | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Измена и дополна на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. | **Показател за успешност:** Донесеување на измена и дополна на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. |
| **Резултат 2:** Имплементација на Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија во 2011 -2013 година. | **Показател за успешност:** Успешно имплементирање на Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија. |
| **Резултат 3:** Усвојување на Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2012 година. | **Показател за успешност:** Усвојување на Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2012 година. |
| **Резултат 4:** Реализација на активностите со 25 институции од централно ниво и 40 општини во рамки на Твининг проектот „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“ | **Показател за успешност:** Реализирање на планираните активности со 25 институции од централно ниво и 40 општини. |
| **Резултат 5:** Реализација на активности за организирање обуки и испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор. | **Показател за успешност:** Број на реализирани обуки и број на цертифицирани внатрешни ревизори. |

# УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ

## 2.11. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Управа за имотно правни работи произлегува од:

**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година** - зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење.

**2.НПАА**

Поглавје: 3.06 Економски критериуми

| |
|---|
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**<br>***Приоритет:*** обезбедување на оддржлив економски раст, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Управа за имотно правни работи | **Цел на Програмата:** Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките на експропијација |
| **Показатели за успех на Програмата:** Зголемен број на завршени постапки | |

| | |
|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x" хоризонтална " вертикална | |
| | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Управа за имотно правни работи | |
| **Резултат 1:** Процес на приватизација на градежно земјиште во приватна сопственост | **Показател за успешност:** Зголемен број на завршени предмети |
| **Резултат 2:** Процес на експропријација | **Показател за успешност:** Зголемен број на завршени предмети |
| **Резултат 3:** Имплементација на Законот за користење на располагање со стварите на државните органи | **Показател за успешност:** Тековно давање мислења во врска со спроведување на Законот |
| **Б: План за спроведување на Програмата** | |

# ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ

## 2.12. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Државен девизен инспекторат произлегува од:<br>**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година** – Интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет. |
| **2.НПАА**<br>Поглавје: 3.09 |

**3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**
***Приоритет:*** Силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на поголеми структури во функција на владеењето на правото.

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Државен девизен инспекторат | **Цел на Програмата:** Вршење на постојан надзор врз правилната примена на прописите од областа на девизното работење, трговијата со странство и услугата "Брз трансвер на пари" |
| **Показатели за успех на Програмата:** Намален број на случаи на кршење на Законот | |

| | |
|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) x" хоризонтална " вертикална | |
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Државен девизен инспекторат | |
| **Резултат 1:** Девизна контрола и инспекција | **Показател за успешност:** Зголемен број на извршени инспекциски контроли |

# ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА НА ЕУ-ИПА ФОНДОВИТЕ

## 2.13 А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите произлегува од:
**1. Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2012 година** - интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет.

**2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)
Поглавје: 3.32-Финансиска контрола

| |
|---|
| **3. Стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии:**<br>***Приоритети:*** јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на пред пристапните фондови, силна поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, со создавање на на поголеми структури во функција на владеењето на правото.<br>***Цели***: финансиско управување со средствата од ИПА; висок процент на искористеност на средствата од ИПА алоцирани за секоја ИПА компонента; воспоставување и одржување на Менаџмент информациски систем (МИС) за имплементација на проектите во рамките на ИПА компонента I-IV и на Софтверот за финансии и сметководство во рамките на петтата компонента од ИПА; пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од втората компонента од ИПА и за целосно децентрализирано управување за останатите мерки од ИПАРД програмата. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:**<br>Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите | **Цел на Програмата:** Да се осигури дека системите за управување и контрола во органите на управување и оперативните структури во Министерството за финансии и во останатите имплементатори и корисници на ЕУ - ИПА фондовите во Република Македонија обезбедуваат ефикасно користење на средствата од инструментот за предпристапна помош на ЕУ – ИПА. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Извршени ревизии, согласно годишните планови во органите на управување и оперативните структури во Министерството за финансии и во останатите имплементатори и корисници на ЕУ - ИПА фондовите во Република Македонија. | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) | x хоризонтална | " вертикална |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите | |
| **Резултат 1:** Спроведување на Планот за внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА фондовите за 2011 година. | **Показател за успешност:** Издадени Конечни ревизорски извештаи, согласно годишните планови за ревизија. |